# ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ

## Случаи од правосудната практика во Република Северна Македонија

2024

# ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ

## Случаи од правосудната практика во Република Северна Македонија

*Скопје 2024*

# ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ

## - СЛУЧАИ ОД ПРАВОСУДНАТА ПРАКТИКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -

Уредник:
Проф. д-р Билјана Каровска-Андоновска

Автори:
Радица Волчинова
Маја Петрова
Бобан Симоноски

Издавач:
©DCAF, 2024
All rights reserved
DCAF – Geneva Center for Security Sector Governance
Maison de la Paix
Chemin Eugène-Rigot 2E, CH-1202 Geneva, Switzerland

©ДЦАФ, 2024
Сите права се задржани
ДЦАФ – Центар за управување со безбедносниот сектор – Женева – Подружница Скопје
ул. Македонија бр. 11-1/2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Оваа публикација е изработена во рамките на Програмата за реформа во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија спроведувана од ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор и финансиски поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), Шведската агенција за меѓународен развој (Сида) и Министерството за надворешни работи на Холандија.

Содржината на оваа публикација не ги изразува ставовите и мислењата на донаторите или на ДЦАФ.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

343.132(497.7)(094.9)
343.985(497.7)(094.9)

Примена на посебни истражни мерки - случаи од правосудната практика во Република Северна Македонија [Електронски извор] : случаи од правосудната практика во Република Северна Македонија / [автори Радица Волчинова, Маја Петрова, Бобан Симоноски]. - Скопје : Центар за управување со безбедносниот сектор - Женева, подружница Скопје ДЦАФ, 2024

Начин на пристапување (URL): https://jpacademy.gov.mk/library/. - Текст во PDF формат, содржи 86 стр., табели. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 24.07.2024

ISBN 978-608-66657-9-1
1. Петрова, Маја [автор] 2. Симоноски, Бобан [автор]
а) Посебни истражни мерки -- Примена -- Правосудна практика -- Македонија

COBISS.MK-ID 64151045

# ОПИС НА ПРОЕКТОТ И БЛАГОДАРНОСТ

ДЦАФ им помага на земјите партнери во развивањето закони, институции, политики и практики за подобрување на управувањето и отчетноста на безбедносниот сектор. Меѓународните норми и принципите на непристрасност, локална сопственост, инклузивно учество и родова еднаквост се основата на поддршката на националните реформи од страна на ДЦАФ.

Во поддршка на реформите во безбедносниот и разузнавачкиот сектор за унапредување на демократската транзиција и враќање на довербата на јавноста во државните институции, во насока на интензивирање на напорите за евроатлантска интеграција на Република Северна Македонија, започнати во 2017 година, ДЦАФ разви и спроведува „Програма за реформа во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија" (2017-2026). Во рамките на Програмата, ДЦАФ соработува со Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" Скопје во поддршка на правосудниот систем во Република Северна Македонија за зајакнување на капацитетот за независна контрола над употребата на инвазивни методи за собирање информации од страна на органите на кривичниот прогон и разузнавачките служби. Програмските активности се фокусирани на развој на продукти за знаење и можности за обуки специјално дизајнирани да им овозможат на членовите на правосудството да ги применат во практика релевантните правни критериуми и принципи што произлегуваат од судската практика на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

Програмата разви Прирачник за спроведување на мерките за следење на комуникациите, публикација дизајнирана како водич за практичарите вклучени во барањето, одобрувањето и контролирањето на употребата на инвазивни методи во примена на пропишаните стандарди од ЕСЧП. Последователно, заедно со Академијата, се развиваа локалните капацитети за обука и обезбедување континуирана дисеминација на знаење и добри практики во судското одобрување на инвазивните методи. Програмата забележа развој на структуриран и систематски дијалог во националното судство на оваа тема што создаде зголемено вреднување и свест за улогата на судството како моќна заштита од злоупотреба на инвазивните методи.

Континуираната соработка со Академијата се официјализира со потпишување Договор за соработка во ноември 2021 година, насочен кон јакнење капацитети и експертиза во организирање едукативни активности фокусирани на судско одобрување на инвазивните методи за собирање информации, за да се придонесе за јакнење на капацитетите и експертизата на правосудните институции и правните практичари за оваа област.

Меѓу останатите активности насочувани и следени од членовите на Правосудната управувачка група со која претседава Академијата, во мај 2023 година се започна со развивање на оваа збирка како секундарен продукт со практична применливост. Таа се темели на претходно изработениот Прирачник кој ги прикажува процедурите за спроведување на мерките за следење на комуникациите. Збирката ја документира примената на принципите за одобрување и спроведување посебни истражни мерки во правосудната практика во Република Северна Македонија, како што беше побарано од правосудните практичари. Притоа, тројца стручни лица беа номинирани од страна на правосудните институции. Радица Волчинова од Основното јавно обвинителство Скопје, Маја Петрова од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и Бобан Симоноски од Основниот кривичен суд - Скопје од мај 2023 до февруари 2024 година работеа на идентификување и селекција на случаите од правосудната практика и нивно систематизирање. ДЦАФ се заблагодарува за нивниот извонреден придонес во овој процес и особено на проф. д-р Билјана Каровска-Андоновска за нејзиниот вложен напор во развивањето методологија за систематизирање на случаите и концептуализација на оваа збирка која прикажува издвоени случаи со одобрени и спроведени посебни истражни мерки од правосудната практика во Република Северна Македонија.

Збирката е достапна на два јазици: македонски и албански. Би сакале да им се заблагодариме за професионалноста на Газменд Ѓоку кој го направи преводот на албански јазик, Фетије Топојани која ја направи лектурата на албански јазик и Јордана Шемко Георгиевска која ја направи лектурата на македонски јазик.

Благодарност до нашиот колега д-р Кире Бабаноски за неговиот вреден придонес во организирање и координирање на процесот за развивање и комплетирање на збирката.

Конечно, исто така, би сакале да изразиме благодарност и признание до донаторите на програмата кои го направија овој правосуден продукт возможен: Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА) и Министерството за надворешни работи на Холандија.

Ирена Џајковска
Главен програмски менаџер, ДЦАФ
Женева, февруари 2024

# ПРЕДГОВОР

Во глобалното општество, кое рапидно технолошки се развива и испреплетува со секој аспект од нашите животи, дебатата по однос на мерките за пресретнување и човековите права никогаш не била порелевантна. Од една страна, правото на приватност е истакнат камен-темелник на индивидуалната автономија и достоинство, а од друга страна, еволуцијата на мерките за пресретнување, кои се движат од технологии за надзор до превентивни полициски стратегии, е поттикната од императивот безбедносно да се заштитат општествата од новите повеќеслојни и често менливи закани. Но, мора да се истакне дека како што овие мерки се прошируваат по обем и софистицираност, така се зголемува и загриженоста околу нивното влијание врз човековите права, особено од стравот тие да не се користат како алатки за de facto нивно кршење. Затоа, потребно е да се одржи жива стручната дебата и праксата за воспоставување на разумен баланс помеѓу овие две тенденции, а тоа се постигнува единствено преку императивна отчетност, транспарентност и надзор во спроведување на мерките за пресретнување, а во склад со принципите на демократијата и владеењето на правото.

Збирката на домашни случаи која ја имаме пред нас, навлегува во сложената интеракција помеѓу мерките за пресретнување и човековите права, нудејќи сеопфатен приказ на правните, етичките и практичните димензии на оваа критична раскрсница. Преку разноликоста на прикажаните судски и јавнообвинителски предмети, во кои при одлучувањето е водена сметка за разноликите елементи и нијанси на предметот, како определување на видот на ПИМ-мерки, видот на кривичното дело, бројот на опфатени лица, времетраењето на мерката и други специфики на случајот, се фрла светлина врз комплексноста на подготовката, промисленото размислување и ригорозната анализа кои треба да ги оствари службеното лице, за да се постигне рамнотежа помеѓу безбедносните императиви и загарантираните индивидуални права и слободи. Верувам дека приказот на овие предмети ќе помогне и проникне подлабоко како во понатамошната правна пракса и пристап, така и во јавната свест, обликувајќи ги идните политики и општествените норми по ова прашање.

Заслужува да се истакне дека оваа публикација претставува мошне корисно и квалитетно четиво и од едукативен карактер, кое дава реална слика на домашната понова пракса во примена на ПИМ-мерките, со особено водење сметка за принципите на супсидијарност, пропорционалност и контрола при нивно спроведување. Случаите се изнесени детално, јасно и педантно, при што проценка е дека правосудните органи на Република Северна Македонија успешно одговориле на обврската за обезбедување на балансот помеѓу безбедноста за граѓаните и истовременото зачувување на основните слободи и права.

Впрочем, овој процес на соодветно и разумно одмерување на спротивставените приоритети, претставува суштинска одлика на јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права по однос на оваа проблематика. Верувам дека прикажаните примери резултираат од еден подолгорочен процес на образование и обука на домашните практичари кој вродил со плод.

Академијата искажува огромна благодарност за исклучително успешната повеќегодишна соработка со ДЦАФ во рамките на „Програмата за реформа во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија“ (-2017 2026). Проектната компонента која се однесува на јакнење на капацитетот на домашните правосудни органи по однос на примената и контролата врз инвазивните методи за собирање информации од страна на органите на кривичниот прогон и разузнавачките служби, Академијата и ДЦАФ досега ја реализираа со извонреден успех преку разновидни активности и продукти од едукативен карактер. Оваа збирка на случаи е уште едно издание кое ќе послужи како вреден ресурс пред сè за правните практичари, но и за теоретичарите и креаторите на политики, обезбедувајќи сеопфатен преглед на тековните состојби и патоказ за навигација со предизвиците што претстојат.

Се надевам дека оваа публикација ќе ги инспирира читателите критички да се вклучат во понатамошните размислувања околу правните и етичките димензии на мерките за пресретнување и активно да ја користат добрата пракса како домашна, така и меѓународна.

**Проф. д-р Наташа Габер Дамјановска**

**Директор** (2018-2024)

Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје

# СОДРЖИНА

ОПИС НА ПРОЕКТОТ И БЛАГОДАРНОСТ . . . . . 5
ПРЕДГОВОР . . . . . 7
ВОВЕД . . . . . 14
ПИМ ВО МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО-ПРОЦЕСНО ЗАКОНОДАВСТВО . . . . . 16
ПРИНЦИПИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ ПИМ . . . . . 19
МЕТОДОЛОГИЈА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРИКАЗ НА СЛУЧАИТЕ . . . . . 22
ПРИКАЗ . . . . . 27
**Предмет број 1** . . . . . 28
Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1, т. 3 и т. 6
*Кривични дела:*
Злоупотреба на службена положба
Перење пари и други приноси од казниво дело
Примање награда за противзаконито влијание
**Предмет број 2** . . . . . 32
Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1, т. 2, т. 3, т. 4, т. 6 и т. 10
*Кривично дело:*
Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации
**Предмет број 3** . . . . . 38
Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1, т. 3 и т. 6
*Кривични дела:*
Лихварство
Изнуда
**Предмет број 4** . . . . . 43
Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1 и т. 3
*Кривично дело:*
Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори
**Предмет број 5** . . . . . 47

Применети ПИМ од член 252 став 1 од
ЗКП: т. 1, т. 3 и т. 8
*Кривично дело:*
**Примање поткуп**
**Предмет број 6** .......................................................... **52**
Применета ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 6
*Кривични дела:*
**Злосторничко здружување**
**Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем**
**Криумчарење**
**Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции**
**и прекурсори**
**Предмет број 7** .......................................................... **57**
Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 8
*Кривично дело:*
**Примање поткуп**
**Предмет број 8** .......................................................... **60**
Применети ПИМ од член 252 став 1 од
ЗКП: т. 1, т. 3 и т. 9
*Кривично дело:*
**Неовластено производство и пуштање во промет**
**на наркотични дроги, психотропни супстанци**
**и прекурсори**
**Предмет број 9** .......................................................... **64**
Применети ПИМ од член 252 став 1 од
ЗКП: т. 1, т. 3 и т. 8
*Кривични дела:*
**Злосторничко здружување**
**Фалсификување на исправа**
**Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија**
**Предмет број 10** .......................................................... **69**
Применети ПИМ од член 252 став 1 од
ЗКП: т. 3, т. 6 и т. 8

*Кривично дело:*
**Примање награда за противзаконито влијание**
**Предмет број 11** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **73**
Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 3 и т. 9
*Кривично дело:*
**Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори**
**Предмет број 12** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **76**
Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 2, т. 3 и т. 8
*Кривично дело:*
**Примање поткуп**
**Предмет број 13** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **79**
Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 3, т. 6, т. 7 и т. 10
*Кривично дело:*
**Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори**
**ЗАВРШЕН ОСВРТ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **85**

# ВОВЕД

Посебните истражни мерки (ПИМ) се техники што ги применуваат надлежните органи во контекст на кривични истраги заради спречување, откривање, истражување, гонење и сузбивање тешки кривични дела.[1]

Нивното внесување во современите кривично-процесни законодавства пред неколку децении се наметна како единствена алтернатива на зголемената опасност согледана првенствено во меѓународниот тероризам и организираниот криминал. Примената на ПИМ е еден од начините за ефикасно справување со загрозената сигурност и безбедност на глобално ниво и со преминувањето на таканаречениот „неконвенционален" криминал, преку националните граници. Овој премин беше помогнат од технолошкиот развој кој создаде услови за извршување на организираните криминални активности со софистицирани средства и методи.

Спроведувањето ПИМ е насочено кон собирање информации без знаење на целните лица. Мерките се карактеризираат со висока доказна вредност, но нивната примена понекогаш е на граница на оправданост. Инвазивната природа на ПИМ ги доведува во колизија со некои од основните човекови права, особено со правото на приватност. Воедно, ПИМ се неселективни во примената, како во персонална, така и содржинска смисла. Од овие причини, посебните истражни мерки отвораат дилеми поврзани со гаранциите на личните права, оправданоста од инвазија врз приватноста на поединците, јавната наспроти личната безбедност, презумпцијата на невиност и други сензитивни прашања.

И покрај тоа, користењето ПИМ во конкретни случаи може да претставува единствена алтернатива за спречување или откривање на тешки кривични дела. Меѓутоа, борбата со криминалот не смее да ги загрозува основните човекови права. Оттука, најголемиот предизвик во врска со примената на овие интрузивни мерки е постигнувањето сразмерност помеѓу стремежот да се превенира и открива сторениот криминал, од една страна, наспроти обврската да се заштитат човековите права, од друга страна.

Во фокусот на овој документ се меѓународните принципи кои настојуваат да постигнат рамнотежа помеѓу овие два суштински интереси и кои нужно треба да се почитуваат при примена на интрузивни мерки.

Централниот дел на документот е приказ на случаи од македонската правосудна практика во кои се применети посебни истражни мерки.

[1] Council of Europe, Recommendation CM/Rec (6 (2017 of the Committee of Ministers to member States on "special investigation techniques" in relation to serious crimes including acts of terrorism.

Случаите се претставени според кривични дела кои биле предмет на истрага и според применети ПИМ во секој од нив. Ваквата поставеност овозможува пребарување и пронаоѓање на информации за клучните прашања, предизвици и проблеми во врска со спроведувањето на мерките.

Практиката на правосудните органи покажува дека примената на меѓународните принципи не е едноставна работа. Реалноста изобилува со непредвидливи ситуации и правосудните органи се соочуваат со различни предизвици во тој контекст. Неопходната тајност во работењето, ограничениот пристап до релевантни информации и докази во раната фаза на постапката или недостаток на процедурална надлежност, може да ги соочи обвинителите и судиите со сериозни предизвици кога даваат судско ex ante одобрување ПИМ, како и кога вршат ex post контрола.

Имајќи го предвид ова, целта на овој документ е да ги посочи примерите во кои правосудните органи успешно се справиле со предизвиците во примената на ПИМ. Воедно, во документот се посочени и некои специфични случаи во кои сепак применетите ПИМ не ги дале очекуваните резултати. Крајната цел е да се идентификуваат и апострофираат добрите практики, особено од аспект на примена на меѓународните принципи и стандарди кои понатаму ќе послужат како насока за сите инволвирани субјекти во постапката за нивна примена.

Во оваа смисла, документот првенствено е наменет за припадниците на правосудната полиција, јавните обвинителства и судовите. Сметаме дека вака подготвениот материјал ќе има соодветен придонес кон стандардизација на дејствијата на релевантните субјекти во предистражната, истражната и кривичната постапка и во унапредување на квалитетот на дејствијата поврзани со примената на ПИМ, особено квалитетот на предлозите, барањата и наредбите за нивно определување.

За потребите на подготовка на материјалот, по барање на Академијата за судии и јавни обвинители, правосудните органи во Република Северна Македонија делегираа три стручни лица со познавање на кривичната, а особено кривично-процесната материја. Ангажираните лица се вработени во Основно јавно обвинителство Скопје, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основниот кривичен суд во Скопје.

Од позиција на нивната поставеност на работните места и согласно претходно утврдената методологија, стручните лица имаа обврска да ги идентификуваат, селектираат и прикажат предметите со применети ПИМ заради лоцирање на предизвиците со кои се соочуваат надлежните правосудни органи во постапките во кои се применуваат ПИМ.

## ПИМ ВО МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО-ПРОЦЕСНО ЗАКОНОДАВСТВО

Во македонското кривично-процесно законодавство посебните истражни мерки се воведени со Законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 74/2004) во кој беа предвидени осум ПИМ:

**1.** следење на комуникации и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање на услови за следење на комуникации, под услови и постапка утврдени со закон,

**2.** увид и пребарување во компјутерски систем, одземање на компјутерски систем или дел од него или базата за складирање на компјутерски податоци,

**3.** тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства,

**4.** привиден (симулиран) откуп на предмети, како и привидно (симулирано) давање поткуп и привидно (симулирано) примање поткуп,

**5.** контролирана испорака и превоз на лица и предмети,

**6.** користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци,

**7.** отворање привидна (симулирана) банкарска сметка на која може да се вложуваат средства што потекнуваат од сторено кривично дело и

**8.** регистрирање на привидни (симулирани) правни лица или користење на постојни правни лица заради собирање на податоци.

Со донесување на Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр.121/2006) забележана е тенденција на зголемување на примената на ПИМ во пракса бидејќи беа создадени предуслови за следење на комуникациите како мерка за која е предвидено донесување на посебен закон.

Со реформирањето на кривично-процесното законодавство и донесувањето на Законот за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/2010), кој започна со примена од 1 декември 2013 година, листата на овие посебни истражни мерки беше изменета и проширена со нови мерки:

**1.** следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон,

**2.** следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење на комуникациите,

**3.** тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен,

**4.** таен увид и пребарување во компјутерски систем,

**5.** автоматско пребарување и споредување на личните податоци,

**6.** увид во остварени телефонски и други електронски комуникации,

**7.** симулиран откуп на предмети,

**8.** симулирано давање и примање поткуп

**9.** контролирана испорака и превоз на лица и предмети,

**10.** користење лица со прикриен идентитет за следење и собирање информации или податоци,

**11.** отворање симулирана банкарска сметка, и

**12.** симулирано регистрирање правни лица или користење на постојни правни лица за собирање податоци и докази.

Во 2018 година донесен е нов Закон за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/2018) со кој е уредена постапката за следење на телефонските и другите електронски комуникации.

Меѓународните принципи разработени подолу, недвосмислено се вградени во македонското кривично-процесно законодавство што ги уредува сите релевантни прашања во врска со примената на ПИМ.

Согласно подолу објаснетиот принцип на законитост и усвоените стандарди во врска со него, Законот за кривичната постапка уредува низа прашања релевантни за примената на ПИМ. Имено, ЗКП содржи одредби за кривичните дела за кои може да се определат ПИМ (член 253); лицата во однос на кои можат да се применат ПИМ (член 255); органите овластени за определување на ПИМ (член 256); овластените органи за спроведување на ПИМ (член 258); времетраење на ПИМ (член 260); запирање на ПИМ (член 261), како и за други релевантни прашања во врска со нивната примена.

Согласно член 256 од ЗКП, мерките од член 252 став 1 точки 1, 2, 3, 4 и 5 од ЗКП по образложено барање на јавниот обвинител ги определува судија на претходна постапка со писмена наредба. Мерките од член 252 став 1 точки 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 од ЗКП ги определува јавен обвинител со писмена наредба. Наредбата за определување на ПИМ содржи законски назив на кривичното дело, техничките средства кои ќе се применат, обемот и местото на спроведување на мерките, органот што треба да ја спроведе наредбата, временското траење на мерката, податоци за сознанијата и доказите врз основа на кои се засноваат основите на сомневање, како и образложение на причините поради кои податоците и доказите не можат да се соберат на друг начин. ПИМ можат да се применат спрема лице кое сторило, презема дејствие на извршување или подготвува извршување (кога извршувањето е казниво) на кривично дело за кое согласно член 253 од ЗКП овие мерки можат да се определат. Мерките ги спроведува јавниот обвинител или правосудната полиција под контрола на јавниот обвинител. Во текот на спроведувањето и по спроведувањето на ПИМ се изготвуваат извештаи во кои се наведува времето на почеток и завршување на мерката, број и идентитет на лицата опфатени со ПИМ, краток опис на текот и резултатите од примената на мерката. Примената на ПИМ запира кога ќе се постигнат целите или кога ќе престанат да постојат основите заради кои била определена мерката. Согласно член 259 од Законот за кривичната постапка, податоците, известувањата, документите и предметите прибавени со примена на ПИМ, под услови и на начин утврден со ЗКП, може да се користат како доказ во кривичната постапка.

# ПРИНЦИПИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ ПИМ

Меѓународните принципи за примена на интрузивни мерки во кривичните истраги се пропишани во релевантните документи за човековите права усвоени на глобално и регионално ниво кои понатаму се инкорпорираат во националните законодавства. Усвојувањето на меѓународни стандарди во врска со примената на секој посебен принцип, е процес кој се одвива во континуитет и постојано се надградува, особено преку практиката на Европскиот суд за човекови права.

Согласно меѓународните принципи, посебните истражни мерки треба да се применуваат како последна алатка (ultima ratio), кога податоците и доказите неопходни за успешно водење на кривичната постапка не можат да се соберат на друг начин. Воедно, ПИМ треба да се применуваат само во однос на потешки кривични дела, единствено врз основа на наредба од релевантен орган и во строго пропишана процедура.

*Принцип на законитост* се однесува на тоа дека посебни истражни мерки можат да се применат само доколку се пропишани со закон. Овој принцип налага креирање на јасни и прецизни законски норми во врска со условите, постапката и сите други релевантни прашања кои можат да произлезат при примената на ПИМ во практиката. Законските нормативи не треба да содржат нејасни правни термини, недоречености и празнини. Напротив, законот мора да ја дефинира категоријата на лица кои би можеле да бидат објект на примена на мерките, времетраењето на мерките што мора да биде разумно прифатливо, начинот на спроведувањето на мерките и начинот на контрола над нивното спроведување, режимот на користење и чување на добиените материјали од применетите ПИМ. Принципот на законитост во примената на ПИМ е предуслов за правна сигурност на граѓаните и спроведување на овластувањата на правосудните органи според пропишаните законски норми. Овој принцип настојува да обезбеди минимална инвазија врз правата на поединците и да обезбеди гаранција дека ПИМ ќе се применуваат само под услови и во постапка прецизно уредени со закон.

*Принцип на супсидијарност* значи дека интрузивни мерки треба да се применуваат како последно средство што ќе се користи само доколку со помалку инвазивните методи не може да се постигне легитимната цел. Овластените органи првенствено треба да ги користат конвенционалните методи за собирање на информации и податоци, а кон примена на ПИМ треба да се пристапат само ако тоа е неопходно. Но, и тогаш принципот на супсидијарност наметнува обврска за постапност во определувањето на ПИМ. Имено, определувањето на соодветна ПИМ треба да се движи од помалку кон повеќе инвазивна.

Со други зборови, принципот на супсидијарност опфаќа два кумулативно задолжителни редуцирачки елементи:

- примарно користење на конвенционалните оперативни мерки, а определување на инвазивни истражни мерки само во краен случај и како последно средство (ultima ratio);
- постапност во изборот на посебните истражни мерки, односно примена на најинвазивните мерки само ако со примена на другите алтернативни или помалку инвазивни мерки не може да се постигне легитимната цел. Примената на ПИМ и особено на најинвазивните ПИМ е последната алатка која правосудните органи треба да ја користат со цел да заштитат висок општествен интерес.

*Принципот на супсидијарност* е експлицитно наведен во член 252 став 1 од ЗКП преку формулацијата според која податоците и доказите „на друг начин не можат да се соберат". Неговата суштина е дека треба да се исползуваат сите други средства со кои располагаат правосудните органи, а инвазивните мерки да се применат само како последно средство. Постапноста треба да обезбеди гаранции дека инвазивните мерки нема рутински да се применуваат како вообичаен метод за собирање сознанија.

*Принцип на пропорционалност* подразбира обезбедување сразмерност помеѓу примената на ПИМ и ограничувањата на индивидуалните права, од една страна, наспроти општествениот интерес и легитимната цел кон која мерките се насочени, од друга страна. За да се постигне тоа, потребна е балансираност помеѓу целта на нивната примена и средствата што се користат за постигнување на таа цел, како и балансираност помеѓу општите интереси на заедницата (јавната безбедност) и заштитата на индивидуалните права на поединците. Со други зборови, субјектите кои ги предлагаат, бараат или одобруваат овие мерки, во секој поединечен случај треба внимателно да го проценат соодносот помеѓу тежината на кривичното дело и сите околности на конкретниот случај, од една страна, наспроти инвазивноста на конкретната ПИМ што се предлага, бара или одобрува, од друга страна. Инвазивните истражни техники како следење на телефонските или други електронски комуникации, видеонадзор, увид и обработка на телефонските контакти, СМС-пораките или пораките на електронската пошта, имаат наметлив карактер и претставуваат prima facie повреди на правото на приватност. Поради тоа, нивното барање и одобрување треба да биде силно аргументирано, а овластените предлагачи треба да обезбедат јасни докази за неопходноста од нивна примена. Пропорционалноста во овој контекст е стремеж кон правична рамнотежа помеѓу заштитата на индивидуалните права, од една страна и интересите на општеството во целост, од друга страна.

Принципот на пропорционалност е експлицитно наведен во член 252 став 1 од ЗКП преку терминот собирање на податоци и докази „неопходни за успешно водење на кривичната постапка". Европскиот суд за човекови права го разјаснува поимот неопходно во овој контекст, како навлегување во приватниот живот на поединецот единствено како одговор на итна општествена потреба. Со други зборови, степенот и интензитетот на навлегување во приватноста на поединецот треба да биде сразмерна со потребата поради која се применува ПИМ.

*Принцип на судско одобрување на инвазивните мерки* значи дека тие можат да се применат само доколку се определени со писмена наредба на надлежен орган. Првенствено тоа треба да е судски орган, односно надлежен судија или евентуално друг правосуден орган, како што за одредени ПИМ, согласно македонското законодавство, е надлежен јавниот обвинител. Одобрението од судската власт за секоја планирана примена на инвазивните мерки е неопходно како гаранција за основните права на поединецот од прекумерна и неоснована примена на ПИМ или нивна примена на несоодветен начин. Судската власт е независна, стручна и компетентна да ја контролира законитата и ефикасна примена на инвазивните мерки. Целта на овој принцип е да се спречат евентуални злоупотреби и нивно прекумерно користење. Судското одобрување и контрола над примената на ПИМ претпоставува независен и стручен увид во исклучително важен стадиум во постапката кога органите за кривичен прогон донеле одлука да ги применат мерките и се обраќаат до судот за нивно одобрување. Јавниот обвинител како овластен предлагач треба да го запознае судот не само со сите околности на случајот, но и да му укаже на сите факти и поединости кои упатуваат на тоа дека само преку ПИМ чие одобрување се бара, ќе може да се обезбедат податоци и докази за понатамошно успешно водење на кривичната постапка. Судот секако има можност да не ја одобри соодветната ПИМ во конкретен случај или да не дозволи нејзино продолжување во случаи кога јавниот обвинител го побарал тоа.

Овој принцип воедно ја опфаќа како судската, така и јавнообвинителската контрола над примената на ПИМ. Суштината е дека покрај тоа што треба писмено да ги одобрат, за да можат да се применат соодветните ПИМ, надлежните органи имаат обврска и законски пропишани алатки преку кои ја контролираат нивната примена. Целта на оваа контрола, како впрочем и на сите други принципи за примена на инвазивните мерки, е да се обезбеди законитост и целисходност во нивната примена и да се спречат сите евентуални злоупотреби. Ефикасната судска контрола ќе овозможи увид во почитувањето на принципите на супсидијарност и пропорционалност при предлагањето, а подоцна и врз примената на ПИМ, доколку истите се одобрени.

Секако постои суштинска разлика помеѓу одобрувачки судски надзор кој се спроведува пред да започне примената на ПИМ и чија цел е одобрување, наспрема контролата што се спроведува тековно (ex post) чија цел е увид во процесот на нивното спроведување.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА СЕЛЕКЦИЈА И ПРИКАЗ НА СЛУЧАИТЕ

Овој документ содржи осврт на селектиран број судски и јавнообвинителски предмети во кои се применети една или повеќе посебни истражни мерки врз основа на член 252 од Законот за кривичната постапка. Документот е структуриран според методологија која во однос на секој поединечен предмет ги содржи следните елементи:

- *вид на определената ПИМ/определените ПИМ;*

- *број на предметот;*

- *вид на кривичното дело за кое била определена ПИМ/определени ПИМ;*

- *број на лица со познат идентитет опфатени со конкретната ПИМ/конкретните ПИМ;*

- *број на лица со непознат идентитет опфатени со конкретната ПИМ/конкретните ПИМ;*

- *вид и број на предмети опфатени со конкретната ПИМ/конкретните ПИМ;*

- *временското траење на мерката/мерките;*

- краток опис на спецификите на конкретниот случај.

Во приказот на случаите првенствено е акцентирана примената на основните меѓународни принципи од страна на сите инволвирани субјекти

во дејствијата поврзани со посебните истражни мерки. Во овој контекст, во секој поединечен предмет фокусот е ставен редоследно на: предлогот од правосудната полиција до јавниот обвинител за примена на ПИМ; барањето од јавниот обвинител до судијата на претходната постапка за определување на ПИМ; како и наредбата со која се определува конкретната ПИМ, и тоа:

*- за мерките од член 252 став 1 од т. 1 заклучно со т. 5 - наредбите на судијата на претходната постапка;*

*- за мерките од член 252 став 1 од т. 6 заклучно со т. 12 - наредбите на јавниот обвинител.*

Исто така, во освртот е опфатена и контролата која ја врши судијата на претходната постапка и/или јавниот обвинител во текот на спроведувањето на секоја одобрена ПИМ.

Заради обезбедување концизност и прегледност, фокусот во селектираните случаи е ставен на три меѓународни принципи:

**1.** Принцип на супсидијарност.

**2.** Принцип на пропорционалност.

**3.** Принцип на контрола над спроведувањето на ПИМ.

Анализата за примената на секој од наведените принципи е спроведена врз основа на следните индикатори и истражувачки прашања:

**Во однос на принципот на супсидијарност:**

**1.** Со какви сознанија е поткрепен предлогот од правосудната полиција до јавниот обвинител, во смисла на претходно преземените дејствија врз основа на кои е проценето дека само со предложената ПИМ или предложените ПИМ ќе може да се прибават соодветни податоци и докази неопходни за конкретниот случај што не би можеле да се обезбедат со помалку инвазивна мерка/и?

**2.** На што се темели барањето од јавниот обвинител до судијата на претходна постапка и дали евентуално било побарано дополнување на барањето со аргументи преку кои судијата недвосмислено ќе биде убеден дека постои потреба за определување на ПИМ?

**3.** На кои сегменти од барањето на јавниот обвинител се темели наредбата на судијата на претходната постапка, односно што било клучно за судијата да ја издаде наредбата за определување на секоја конкретна посебна истражна мерка?

**4.** Доколку станува збор за ПИМ од член 252 став 1 од т. 6-12, анализата е насочена кон елементите што биле клучни за јавниот обвинител да издаде наредба за определување на конкретна ПИМ.

**Во однос на принципот на пропорционалност:**

**1.** Дали во секој конкретен случај е направена соодветна проценка од страна на јавниот обвинител (по прием на предлогот од правосудната полиција, а пред поднесување на барањето до судија на претходна постапка) за соодносот помеѓу тежината на кривичното дело и инвазивноста на конкретната ПИМ што се бара?

**2.** Дали во секој конкретен случај судијата на претходната постапка прави проценка (по прием на барањето од јавниот обвинител, а пред издавање наредба за определување на ПИМ) за соодносот помеѓу тежината на кривичното дело и инвазивноста на конкретната ПИМ?

**3.** Дали има случаи во кои јавниот обвинител барал примена на одредена ПИМ, а судијата на претходна постапка издал наредба за друга (помалку инвазивна) ПИМ?

**4.** Доколку станува збор на ПИМ од член 252 став 1 од т. 6-12, анализата е насочена кон тоа дали во секој конкретен случај јавниот обвинител прави проценка за соодносот помеѓу тежината на кривичното дело и инвазивноста на конкретната ПИМ што ја определил со наредба.

**Во однос на контролата над спроведувањето на ПИМ:**

**1.** Како се одвивала контролата на јавниот обвинител и дали постои писмена евиденција за преземени контролни дејствија како што се: увид на лице место во текот на спроведување на ПИМ, увид во документација за текот на спроведувањето на ПИМ, доставени извештаи во текот на спроведувањето и посебен извештај по спроведувањето на ПИМ (член 258 став 1 од ЗКП)? Притоа, за ПИМ од член 252 став 1 т. 1 од ЗКП - Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон, анализата се однесува на дејствијата преземени согласно член 59 став 1 од Законот за следење на комуникациите.

**2.** Како се одвивала контролата од страна на судијата на претходна постапка кој ја издал наредбата за ПИМ, особено дали постои писмена евиденција за извршена контрола на лице место, увид во документација од текот на спроведувањето на ПИМ или други контролни дејствија? Притоа, за ПИМ од член 252 став 1 т. 1 од ЗКП - Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон, анализата се однесува на дејствијата преземени согласно член 59 став 1 од Законот за следење на комуникациите.

Во овој документ се обработени 13 случаи од практиката на Основниот кривичен суд во Скопје, како и од јавнообвинителската практиката за предмети во кои се применети ПИМ, но за кои не е поведена судска постапка. Во рамки на секој конкретен предмет со подеднакво внимание третирани се преземените дејствија на правосудната полиција, јавните обвинителства и судијата на претходната постапка. Во однос на судските случаи, приказот содржи предмети за кои кривичната постапка е завршена со правосилна пресуда. Со приказот на случаите опфатени се поголем дел од ПИМ утврдени во ЗКП. Исклучок се ПИМ кои имаат незначителна примена во практиката или ПИМ кои се применети во случаи за кои сѐ уште нема правосилна одлука.

При селекција на случаите земена е предвид нивната разновидност, како од аспект на кривичните дела, така и од аспект на осомничени, обвинети и осудени лица, времетраењето и евентуалното продолжено траење на одредена ПИМ, како и други релевантни податоци. Целта беше да се направи осврт што ќе овозможи увид во различни и специфични искуства во однос на секоја ПИМ.

Заради целисходност во користењето на овој материјал, во однос на секој прикажан предмет наведени се клучни зборови што концизно укажуваат на содржината на предметот. Очекуваме дека овој приод ќе им овозможи на корисниците на овој документ полесно да ги пронајдат соодветните решенија за поединечен практичен проблем.

# ПРИКАЗ

## *НА ПРЕДМЕТИ СО СПРОВЕДЕНИ ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ*

# Предмет број 1

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1, т. 3 и т. 6

Кривични дела: **Злоупотреба на службена положба**
**Перење пари и други приноси од казниво дело**
**Примање награда за противзаконито влијание**

| КОК бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| 116/19 | Злоупотреба на службена положба (чл. 353 ст. 3 вв ст. 1 од КЗ);<br><br>Перење пари и други приноси од казниво дело (чл. 273 ст. 1 од КЗ)<br><br>Примање награда за противзаконито влијание (чл. 359 ст. 7 вв ст. 3 вв ст. 2 вв чл. 22 од КЗ) | 1 лице (т. 1)<br><br>2 лица (т. 3)<br><br>3 лица (т. 6) | / | / | т. 1 - 10 дена<br><br>т. 3 - 26 дена (прва наредба)<br><br>- 10 дена (втора наредба)<br><br>т. 6 - да се изврши за 15 дена |

## Краток опис на предметот:

Во овој предмет, првоосомничениот од ноември 2018 година до април 2019 година, искористувајќи ги своите пријателски односи со второосомничената, тогашна јавна обвинителка, влијаел при спроведувањето на истражната постапка во предмет што таа го водела.

Обвинителката го прифатила влијанието на првоосомничениот и како службено лице искористувајќи ја својата службена положба и овластување, ги пречекорила границите на своето службено овластување и предложила

поблага мерка - куќен притвор за осомничен во предметот во кој постапувала, иако околностите врз основа на кои била определена и продолжена мерката притвор не биле изменети. Подоцна, таа се согласила одземената патна исправа привремено да му се врати на осомничениот во истиот предмет.

Третоосомичениот битно придонел за извршување на кривичното дело договарајќи континуирани средби на првоосомничениот со осомничено лице кое е сведок - оштетен во овој предмет и со неговата сопруга, уверувајќи ги во влијанието на првоосомничениот врз јавната обвинителка. Двајца од осомничените биле обвинети за кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание", а првоосомничениот и за кривично дело „Перење пари и други приноси од казниво дело". Второосомничената била обвинета дека сторила кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување". Имено, од преземените службени дејствија второосомничената за себе прибавила имотна корист во значителен износ и тоа: мебел во вредност од 296.040,00 денари и 50.000,00 евра. Останатите двајца осомничени од сведокот - оштетен примиле награда од 1.500.000 евра за противзаконито влијание. Воедно, првоосомничениот иако невработен и со блокирани трансакциски сметки, купувал за себе луксузен мебел, облека и обувки и престојувал во луксузни летувалишта со што ги пуштил во оптек паричните средства прибавени со кривичното дело. Предметот е познат во јавноста под кодно име „Рекет".

**Клучни зборови:**

*злоупотреба на службената положба, изнуда, рекет, перење пари, примање награда за противзаконито влијание*

## Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ

### *Супсидијарност*

Предлогот од правосудната полиција до јавниот обвинител е поткрепен со информации од терен и со други претходно преземени предистражни дејствија во смисла на разговори со лица кои имале одредени сознанија; оперативни проверки на осомничените за кои се добиени сознанија дека преземале дејствија спротивни на закон; како и снимки од терен за почеста комуникација помеѓу лицата за кои се добиени информации дека не се во роднинска, пријателска или друга поврзаност поради која би имале честа комуникација.

Сè до овој период во предистражната постапка биле преземени повеќе дејствија и тоа: сослушани биле низа лица во својство на сведоци, обезбедени биле докази со примена на ПИМ по чл. 252 ст. 1 т. 3 од ЗКП спрема прво и третоосомничените, а прибавени биле и вештачења на хард-дискови предадени од сведокот.

Од дотогаш обезбедените информации произлегло дека со претходно применетите, помалку инвазивни мерки, не може да се докаже преземањето на секое конкретно дејствие на осомничените лица што пак е клучно за утврдување дали постои основано сомневање дека тие се сторители на горенаведените кривични дела. Поради тоа, правосудната полиција поднела предлог до јавниот обвинител во кој е наведена потребата од следење на телефонската и друга електронска комуникација на осомничените лица, согласно член 252 ст. 1 т. 1 од ЗКП.

Врз основа на овој предлог, јавниот обвинител поднел барање за определување на ПИМ од член 252 ст. 1 т. 1 со аргументи претходно наведени во предлогот на правосудната полиција. Ова е логично ако се има предвид дека правосудната полиција работи по насоки на јавниот обвинител. Доследна примена на принципот на супсидијарност во овој случај се согледува во фактот што првично се применети помалку инвазивни мерки, а потоа се бара примена на повеќе инвазивната мерка од т. 1 која била потребна заради соодветно идентификување на логичната поврзаност на сознанијата добиени од претходно применетите мерки.

Постапувајќи по барањето на јавниот обвинител, судијата на претходна постапка констатира дека барањето е основано и донесува наредба за спроведување на соодветната ПИМ.

*Пропорционалност*

Во овој случај направена е мериторна процена од страна на јавниот обвинител за соодносот помеѓу тежината на кривичното дело и инвазивноста на конкретната ПИМ што се бара. Станува збор за потешки кривични дела извршени од три лица при што постоеле сознанија за вклученост и на други лица за кои претходно од оперативните проверки не можело да се добијат податоци за нивна инволвираност.

Имено, второосомничената со искористување на својата службена положба, спротивно на членот 289 и 299 од ЗКП, извршила службени дејствија што не би смеела да ги изврши при водење на кривичната постапка во предметот под кодно име „Империја", како и при водење на други кривични

постапки во нејзина надлежност. Истата не ја почитувала тајноста ниту на предистражната, ниту на истражната постапка, однапред известувајќи го првоосомничениот во овој предмет за дејствијата во предметот „Империја". Ваквите сознанија го потврдиле фактот дека станува збор за три лица кои се поврзани и кои работат под одреден принцип на шифра/шема и преземаат одредени активности помеѓу себе, со кои се остварува обележје на кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување" по чл. 353 од КЗ и кривичното дело „Примање награда за противзаконито влијание" по чл. 359 од КЗ.

Проценката на судијата на претходна постапка за соодносот помеѓу тежината на кривичното дело во конкретниот случај и инвазивноста на определените ПИМ се темели на аргументираното образложение содржано во барањето на јавниот обвинител во кое, како што е погоре наведено, содржани се податоци за тежината на кривичното дело, организираниот начин на нивно извршување, но и образложение за оправданоста на конкретните мерки како еден од најефикасните начини за утврдување на кривично правна одговорност.

### *Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Овластените лица од правосудната полиција кои ги спроведувале посебните истражни мерки континуирано комуницирале и непосредно усно го известувале надлежниот јавен обвинител. За спроведените мерки, до јавниот обвинител е доставен писмен извештај што понатаму е неопходен за успешно водење на кривичната постапка.

*Во овој предмет, првообвинетиот е осуден на 9 години затвор, додека пак второобвинетата на 7 години затвор. Прво и второобвинетите во текот на судскиот процес ја негирале вината. Третообвинетиот ја признал вината, по што е осуден на три години затвор.*

*Одлуките биле обжалени до Апелациониот суд и Врховниот суд, но пресудите на Основниот кривичен суд Скопје се потврдени од страна на повисоките судови.*

*Во пресудата е акцентирано значењето на случајот од општествен и од правосуден аспект.*

# *Предмет број 2*

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1, т. 2, т. 3, т. 4, т. 6 и т. 10

Кривични дела: **Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации**

| КОК бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| 27/16 | Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации (член 322-а) од КЗ | 22 | / | / | т. 1 - 9 месеци<br>т. 2 - 3 месеци<br>т. 3 - 5 месеци за 14 лица<br>т. 4 - 4 месеци за 12 лица<br>т. 6 - за увид во остварени комуникации во изминатите 12 месеци |

**Краток опис на предметот:**

Почетокот на истрагата на предметот познат во јавноста под кодното име „Ќелија“, првично го иницираа информациите за загубени млади животи на државјани на Република Македонија на боиштата на Блискиот Исток. На ова се надоврзува и пораката на социјалните мрежи објавена од страна на еден од осомничените со следната содржина: „Честа е во џихадот, порака до Балканците“. Во овој предмет биле опфатени 36 лица осомничени за кривичното дело „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“ по член 322 од КЗ.

Ова е еден од судските предмети во кој за докажување на вина на осомничените се употребени најголем број на посебни истражни мерки од член 252 ст. 1 од ЗКП и тоа од точките 1, 2, 3, 4, 6 и 10.

Воедно, ова беше прв случај во Република Македонија кој беше поведен против лица кои заминуваат во странски војски и кои се борат на воените жаришта на Блискиот Исток, откако во 2014 година беа создадени законски услови за гонење на овие кривични дела.

Во временскиот период од септември 2014 до средината на 2015 година осомничените спротивно на закон активно преземале организирање и подготвување лица за учество во паравоени формации надвор од територијата на државата, обезбедувале и собирале финансиски и материјални средства за лица кои учествуваат во такви формации, а преку социјалните мрежи или друг вид на комуникација врбувале други лица за учество во такви формации надвор од територијата на Република Македонија. Воедно, учествувале во сокривање лица кои учествуваат во паравоени формации, а и самите оствариле обид и активно учествувале во паравоените формации надвор од територијата на државата. Врз основа на спроведената истрага, 11 лица биле лишени од слобода и притворени. Останатите 25 во тој момент биле недостапни за органите на прогонот.

**Клучни зборови:**

*Исламска држава; радикален ислам; ИСИС, паравоени формации; учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации*

## Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ

### *Супсидијарност*

Од првичните оперативни сознанија добиени се податоци за остварен влез и излез на осомничените од и во Република Македонија. Од податоците е утврдено дека лицата мошне често ја напуштаат територијата на државата во многу краток временски период и често остваруваат контакти и средби од инкриминирачки карактер со странски државјани, односно контакти со лица можни соучесници во извршување на кривичното дело од членот 322 од КЗ.

Исто така, од оперативните сознанија, а и понатаму во текот на истрагата, утврдено е дека во оваа криминална група составена од 35 лица, секој член имал посебна задача со која придонесувал за остварување на целта на групата. Истата била насочена кон организирање, подготвување и прикривање лица за учество во паравоени формации надвор од територијата на Република Македонија, како и во обезбедување и собирање финансиски и материјални средства за лица кои учествуваат во вакви формации.

Членовите на групата кои и самите оствариле обид и активно учествувале во паравоени формации, врбувале, поттикнувале и повикувале, преку социјалните мрежи или друг вид на комуникација, лица да се приклучат во паравоените формации надвор од територијата на Република Македонија. Предлогот од правосудната полиција што е доставен до јавниот обвинител содржи сознанија добиени од блиските лица на жртвите кои како учесници во паравоените формации на ИСИС го загубиле животот борејќи се на страната на радикалниот ислам. Тие претходно не ги пријавиле настаните на органите за прогон бидејќи биле исплашени за својот живот и животот на своите блиски. По извршените оперативни дејствија во врска со лицата кои оствариле телефонски и физички контакт, добиени се сознанија за начинот на организирањето на регрутацијата и извршувањето на кривичното дело. Притоа, обезбедени се нивните телефонски броеви кои биле наведени и во предлогот поднесен од правосудната полиција до јавниот обвинител. Врз основа на предлогот, јавниот обвинител изготвил барање до судијата на претходна постапка за определување на ПИМ од член 252 ст. 1 од ЗКП во однос на мерките од т. 1, т. 2, т. 3 и т. 4.

До овој период во предистражната постапка биле преземени повеќе предистражни дејствија од кои произлегло дека во конкретниот случај дел од осомничените го искористиле нивното реално влијание врз жртвите, следбениците и обожавателите на радикалниот ислам, додека останатите, искористувајќи ги своите конекции со блиски роднини во Сирија и околните држави, им помагале во транспорт, финансирање, обезбедување документација за патување, како и сместување на регрутираните лица. Основот за сомневање во конкретниот случај се темели на потврдени сознанија дека станува збор за повеќе поврзани лица кои функционираат како организирана група под принцип на шифра/шема и преземаат активности со кои се остварува обележје на кривичното дело „Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации“. Наведените информации не би можеле да се утврдат на било каков друг начин и поради тоа правосудната полиција во предлогот до јавниот обвинител констатира дека освен преземањето на другите предистражни дејствија, а со цел разјаснување на одредени факти и сознанија, потребно е и да се следи телефонската и друга електронска комуникација на осомничените, како и да се применат други ПИМ.

По добивањето на предлогот од јавниот обвинител, судијата на претходна постапка со првата наредба ја определил ПИМ од т. 1 во времетраење од 4 месеци за првите 8 лица. Подоцна мерката била продолжена, а во меѓувреме со истата биле опфатени и други лица.

Во овој предмет, вкупно се издадени 175 наредби за овластено следење и снимање на телефонски или други комуникации за 21 лице со времетраење од 9 месеци. Во текот на прибирањето на доказен материјал со примена на ПИМ од т. 1, обезбедени се транскрипции со разговори од осомничените во врска со извршувањето на кривичното дело. Транскрипциите се распоредени во 32 класери од по 500 до 600 страници, при што на судењето биле изнесени околу 19.000 транскрипции со разговори помеѓу обвинетите. Материјалот бил од големо значење во понатамошната кривична постапка во која се докажувала вината на обвинетите.

Во однос на ПИМ од т. 2, по прием на предлогот од јавниот обвинител, судијата на претходна постапка издал една наредба на 15.2.2015 година со времетраење од 3 месеци, со чија помош се обезбедени аудиоматеријали, транскрипции и електронски записи распоредени во три класери кои во понатамошната постапка ќе бидат потребни.

Во однос на ПИМ од т. 3, судијата на претходна постапка издал три наредби на 22.10.2014 година со кои е опфатено тајно следење и снимање на 14 лица за време од 5 месеци со чија помош се обезбедени видеоматеријали и фотодокументација кои во понатамошната постапка се покажале од големо значење.

За ПИМ од т. 4, издадена е една наредба на 22.10.2014 година со времетраење од 4 месеци за 12 лица. Собран е доказен материјал во еден класер. Лицата се следени во однос на нивните социјални мрежи, сомнителни дописи преку нив, комуникацијата која ја имале преку компјутерскиот систем, како и слики и видеа кои биле користени во нивната пропаганда за врбување на нови членови.

За ПИМ од т. 6, јавниот обвинител издал наредба бидејќи во овој дел од предистражната постапка, за горенаведените телефонски броеви постоеле сознанија дека се користени за остварување комуникација меѓу осомничените во врска со реализација на кривичното дело. Заради успешно водење на кривичната постапка, како и за проширување во однос на други лица кои биле во комуникација на осомничените, за кои постои можност да се учесници во извршување на кривичното дело, увидот во телефонската и електронската комуникација бил потребен бидејќи податоците на друг начин не можеле да се соберат. Увидот е направен во однос на остварените телефонски и други електронски комуникации во изминатите 12 месеци.

Во однос на ПИМ од т. 10, издадени се две наредби од страна на јавниот обвинител со чија помош се обезбедени видеоматеријали и

фотодокументација. По однос на оваа точка, на судењето е изведен доказен материјал составен во два класери секој со по 500 страници фотодокументација и ЦД со видеозаписи, кои во понатамошната постапка се покажале како доста значајни. Лицата кои учествувале во спроведувањето на оваа ПИМ се испитани како заштитени сведоци под услови определени со членот 226 до 232 од ЗКП. Идентитетот на лицата кои учествувале во спроведувањето на мерката претставува службена тајна.

*Пропорционалност*

Јавниот обвинител во овој случај направил реална проценка на инвазивноста на ПИМ наспроти сериозноста и тежината на кривичното дело. Го ценел фактот дека станува збор за организирана и многу затворена група, која како целина заеднички функционира. Примената на определените ПИМ, помеѓу останатото, било потребно заради увид и следење на комуникациите меѓу осомничените, како и меѓу нив и трети лица.

На осомничените во овој случај им се ставаат на товар три инкриминирани дејствија кои го сочинуваат битието на кривичното дело. Прво, регрутирање лица во странски војски или паравоени формации. Второ, собирање финансиски средства и материјална помош за поддршка на лицата кои ќе се приклучат во странска војска или паравоена формација, обезбедување на нивното патување, обука и учество во странската војска. Трето, учество во странска војска.

Во однос на пропорционалноста, судијата го имал предвид и фактот дека главен организатор, а воедно и мозокот на операциите бил самопрогласениот имам кој проповедал во една скопска џамија. Бил исклучително влијателен и почитуван во круговите на радикалистите, идеолог и воедно создавач на таканаречените ќелии. Тој и неговите приврзаници биле активни и на интернет, преку социјалните мрежи врбувале потенцијални жртви и ги индоктринирале со своите радикални идеи.

*Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Овластените лица од правосудната полиција кои ги спровеле ПИМ од сите наведени точки, континуирано го известувале надлежниот јавен обвинител за текот на спроведување на мерките со доставување писмени извештаи кои понатаму биле неопходни за успешно водење на кривичната постапка. Конкретно, во однос на примената на ПИМ од т. 1, пред истекот на временскиот период утврден со првата наредба на судијата на претходна постапка, правосудната полиција доставува писмен извештај до јавниот

обвинител врз основа на кој тој проценува дека е потребно да се издаде наредба за продолжување на оваа мерка. Исто така, во однос на ПИМ од т. 6, изготвениот посебен извештај (анализата од увидот во остварените телефонски и други електронски комуникации) во соодветен рок е доставен до јавниот обвинител.

*Во овој предмет, во текот на 2016 година, беше поднесен обвинителен акт за 11 лица. На јавната седница за негова оцена, шестмина обвинети изразија подготвеност за признание на вина и побараа спогодба со обвинителството. Врз основа на постигнатите спогодби, Основниот кривичен суд Скопје, за шестмина обвинети изрече казни затвор во траење од 5 години до 5 години и 6 месеци.*

*Останатите петмина вината ја признаа на главната расправа при што им беа изречени казни затвор во траење од 2 години до 4 години и 6 месеци. Овие казни беа обжалени од страна на обвинителството при што второстепениот суд истите ги преиначи во казни затвор во траење од 3 години до 6 години и 6 месеци.*

*Во меѓувреме, врз основа на распишаните национални и меѓународни потерници, двајца осомничени беа екстрадирани од Република Косово, еден од Република Албанија и еден осомничен беше лишен од слобода во Република Македонија. Со овие лица, обвинителството склучи спогодби и лицата беа осудени на казни затвор од 1 до 3 години.*

*Врз основа на сознанија од истражната постапка по овој предмет, во наредниот период оформени се нови предмети во однос на повеќе лица опфатени во акциите „Ќелија 2“ и „Ќелија 3“ во кои, помеѓу останатото, истрага се водела и за кривично дело - Терористичка организација по чл. 394-а ст. 2 од КЗ.*

# Предмет број 3

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1, т. 3 и т. 6

Кривични дела: **Лихварство**
**Изнуда**

| КОК бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| 27/16 | Лихварство (чл. 260 ст. 2 вв ст.1);<br><br>Изнуда (чл. 258 ст. 2 вв ст.1 вв чл. 45) од КЗ | 9 | / | / | т. 1 - 8 месеци<br><br>т. 3 - 7 месеци<br><br>т. 6 - да се изврши за:<br>- 30 дена (прва наредба)<br>- 90 дена (втора наредба) |

## Краток опис на предметот:

Во временскиот период од почетокот на 2008 година до 10.12.2014 година, повеќе лица создале злосторничко здружување чија цел била секој за себе да прибави противправна имотна корист преку вршење кривични дела - Лихварство по член 260 ст. 2 вв ст. 1 од КЗ и Изнуда по член 258 ст. 2 вв ст. 1 вв чл. 45 од КЗ. Лицата неовластено давале услуги во вид на позајмица од различни износи на девизни парични средства при што со повеќе лица стапиле во должничко-доверителски односи. Притоа, за себе договарале несразмерна имотна корист, па за услугата барале камати во висина од 6% до 20% месечно од износот на основицата што согласно член 546 ст. 2 од Законот за облигациони односи се дефинира како лихварска камата.

На тој начин, осомничените прибавувале несразмерна имотна корист искористувајќи ја тешката имотна состојба, нуждата или лекомисленоста на оштетените кои се согласувале и усно се договарале со осомничените за висината на паричната позајмица и каматата, како и рокот на враќање.

Како гаранција дека редовно ќе ги плаќаат договорените износи, оштетените го заложувале сопствениот движен и недвижен имот, поради што запаѓале во потешка материјална состојба, предизвикана дополнително и од несразмерно определените камати. Со оглед дека оштетените не можеле редовно да ги плаќаат договорените износи, осомничените применувале сила и сериозна закана.

На ваков начин присилени, оштетените им давале парични средства како лихварски камати, а на штета на својот имот што присилно го продавале по ниски износи. Исплашени и доведени во безизлезна состојба, оштетените пријавувале во полициска станица Гостивар каде еден од осомничените до 2012 година работел како командир, а друг како полициски службеник. Истите не постапувале по пријавите, ги криеле и ги известувале осомничените за поднесените пријави против нив. Поради ова, оштетените дошле до заклучок дека немаат заштита од полицијата, стекнале уверување во влијанието на осомничените и во тоа дека не смеат да им се спротивстават и мора да ги исплаќаат несразмерно високо договорените лихварски износи.

Предметот е познат во јавноста под кодното име „ЧЕКАН“.

**Клучни зборови:**

*изнуда, лихварство, камати, злосторничко здружување, присила*

## Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ

### *Супсидијарност*

Предлогот од правосудната полиција кој е доставен до јавниот обвинител содржи сознанија добиени од лицата кои биле жртви на заканите и притисоците од осомничените. Тие закани и притисоци траеле подолг период во кој жртвите биле исплашени да пријават на органите за прогон, поради страв за својот живот и животот на своите блиски. По добиените оперативни сознанија од лицата кои оствариле телефонски и физички контакт, утврден е начинот на кој тие лица го извршуваат кривичното дело. Во предлогот се наведени и телефонските броеви што се користеле за комуникација. Врз основа на предлогот, јавниот обвинител побарал од судија на претходна постапка да издаде наредба за примена на ПИМ од член 252 ст. 1 т. 1 и т. 3 од ЗКП.

Сè до овој период во предистражната постапка биле преземени повеќе истражни дејствија од кои произлегло дека во конкретниот случај две

осомничени лица го искористиле нивното реално влијание врз жртвите и злоупотребувајќи ја својата службена положба, извршиле службени дејствија што не би смеело да се извршат. Останатите осомничени, со помош на својата моќ и влијание во општеството, давале лихварски камати со што прибавувале несразмерна имотна корист. Со потврдувањето на сознанијата дека станува збор за повеќе поврзани лица кои дејствуваат под одреден принцип на шифра/шема, односно организирана група која презема одредени активности помеѓу себе, се остварува обележје на кривично дело „Лихварство" по член 260 ст. 2 вв ст. 1 од КЗ и „Изнуда" по член 258 ст. 2 вв ст. 1 вв чл. 45 од КЗ. За утврдување на улогите на членовите на групата и преземањето на секое конкретно дејствие од одредено лице, правосудната полиција му предложила на јавниот обвинител да се преземат и ПИМ во смисла на следење на комуникациите на осомничените.

По добивањето на предлогот од јавниот обвинител за спроведување на ПИМ по член 252 ст. 1 т. 1 од ЗКП, судијата на претходна постапка, имајќи го предвид сето погоре изложено, на ден 30.4.2014 година ја издал првата наредба за ПИМ по т. 1, во времетраење од 1 месец за првите 5 лица. Пред истекот на одредениот временски период, правосудната полиција до јавниот обвинител доставува писмен извештај врз основа на кој обвинителот проценил дека е потребно да се издаде наредба за продолжување на мерката. На 29.5.2014 година судијата на претходна постапка ја издава и втората наредба за спроведување на посебната истражна мерка. Од страна на судија на претходна постапка, во овој предмет издадени се 8 наредби за следење и снимање на телефонски или други комуникации од членот 252 ст. 1 т. 1 за 11 лица со времетраење од вкупно 8 месеци.

Во однос на ПИМ од член 252 ст. 1 т. 3 од ЗКП, судијата на претходна постапка по проценка на сите околности на случајот, издал наредба за спроведување на мерката. За оваа ПИМ, издадени се вкупно 3 наредби со кои е опфатено тајно следење и снимање на 8 лица во времетраење од 7 месеци со чија помош се обезбедени видеоматеријали и фотодокументација кои во понатамошната постапка ќе бидат од големо значење.

Неопходноста на спроведување на ПИМ од член 252 ст. 1 т. 6 од ЗКП се согледува во фактот што во конкретниот случај постоеле сознанија дека телефонските броеви биле користени за остварување на комуникација меѓу осомничените во врска со реализација на соодветните кривични дела.

Од увидот во остварените телефонски и други електронски комуникации биле добиени податоци потребни за успешно водење на кривичната постапка, но и податоци во однос на други лица кои биле во комуникација

со осомничените за кои постоела можност да се учесници во извршување на истите кривични дела. Потребните податоци не би можеле да се соберат на друг начин и поради тоа јавниот обвинител на 24.09.2014 година ја издал првата наредба за примена на оваа ПИМ со рок за извршување од 30 дена и со обврска посебниот извештај – анализата на телефонските броеви да се достави во најкраток можен рок. Меѓутоа, бидејќи еден од мобилните оператори не ги доставил навремено бараните листинзи, а воедно и дека станува збор за обемна комуникација, односно за преку 500.000 записи содржани во бараните листинзи, јавниот обвинител на 24.10.2014 година издал уште една наредба по т. 6 со која рокот на извршување се продолжува за уште 3 месеци.

*Пропорционалност*

Спроведените ПИМ несомнено биле пропорционални на тежината на кривичните дела за кои постоело основано сомневање дека биле извршувани во подолг временски период на територијата на Гостивар, во континуитет и организирано преку здружување на повеќе лица, вклучително и полициски службеници. Лихварските камати и договарањето на несразмерна имотна корист биле придружени со примена на сила, употреба на огнено оружје, опасно орудие и на особено насилен начин со упатување на сериозни закани по животот и физичкиот интегритет на оштетените и нивните семејства.

Дополнително, иако доведени во безизлезна состојба, оштетените и по поднесените пријави во ПС Гостивар не можеле да добијат правна заштита бидејќи двајца од осомничените биле вработени таму и не постапувале по пријавите, ги криеле, или, пак, ги известувале другите осомничени за поднесените пријави против нив. Комплексноста на криминалната група и сериозноста на дејствијата што ги преземале се огледа и во фактот што групата се состоела од 21 лице. Меѓу криминалната група имало и еден извршител и четворица адвокати кои на организаторите им укажувале помош со изработка на фиктивни и други договори и документација, но тие не биле обвинети во предметот.

*Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Овластените лица од правосудната полиција кои ги спроведувале посебните истражни мерки континуирано го известувале надлежниот јавен обвинител, а за време на траењето на ПИМ му доставувале и писмени извештаи во однос на нивното спроведување.

*Во овој случај биле гонети 21 лице, од кои со тројца осомничени јавното обвинителство постигнало спогодба за признавање на вина во текот на истрагата, а со едно лице е постигната спогодба во фаза на оценка на обвинителниот акт.*

*Предметот за три лица е отстапен на надлежно постапување во Основното јавно обвинителство Гостивар, а за петмина е донесена наредба за запирање на истрагата.*

*Во судскиот процес биле сослушани повеќе од 45 сведоци предложени од обвинителството, кои во своите искази јасно и категорично ги потврдија и ги објаснија сериозните закани и употребата на сила на кои биле подложени и кои врз нив ги вршеле обвинетите.*

*Обвинетите се осудени на вкупно 53 години и 6 месеци затворска казна. Највисоката изречена казна затвор за еден од седумте обвинети е 11 години и 6 месеци, додека најниската е 2 години и 6 месеци, а едно лице со одлука на судот е ослободено од обвинение.*

*Од осудените лица е конфискуван имот од кој оштетените имаат право на надомест на штета.*

## *Предмет број 4*

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1 и т. 3

Кривични дела: **Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори**

| КОК бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1498/22 | Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори (член 215 ст. 2 вв ст. 1 вв чл. 45) од КЗ | 1 | 2 | / | т. 1 - 60 дена за три лица;<br><br>т. 3 - 60 дена за 1 лице. |

### Краток опис на предметот:

Во временскиот период од мај до јули 2022 година, во својот дом лоциран во Скопје, осомничениот неовластено заради продажба држел наркотична дрога - марихуана и кокаин. Со цел стекнување на противправна имотна корист, осомничениот во повеќе наврати остварувал телефонски контакти со лица уживатели на наркотична дрога и се договарал за продажба на пакувања со наркотична дрога марихуана по цена од 300 до 500 денари и пакувања со наркотична дрога кокаин по цена од 2.000 до 2.500 денари, во зависност од големината на пакувањето.

На 7.5.2022 година, околу 21.50 часот во Скопје, на сведокот неовластено му продал една зипер-кесичка со нето-маса од 0,10 грама наркотична дрога кокаин, на 3.6.2022 година, околу 23,50 часот, неовластено му продал едно пакување со 0,31 грам наркотична дрога – кокаин, на 22.6.2022 година, околу 19,40 часот, неовластено му продал пакување со нето-маса од 1,31 грам наркотична дрога – марихуана, на 22.6.2022 година, околу 20,30 часот, неовластено му продал пакување со нето-маса од 0,87 грама наркотична дрога – марихуана и на 22.6.2022 година, околу 20,38 часот, по претходен телефонски договор, неовластено за сума од 2.000 денари му продал пакување со нето-маса од 0,29 грама наркотична дрога - кокаин.

## Клучни зборови:

*неовластена продажба, наркотична дрога, противправна имотна корист, марихуана, кокаин*

## Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ

### *Супсидијарност*

Во предлогот за определување ПИМ по чл. 252 ст. 1 т. 1 и т. 3 од ЗКП наведени се сите податоци за осомничениот спрема кој било потребно да се применат мерките, како и постоењето основи на сомневање дека се подготвува кривично дело од чл. 215 од КЗ. Согласно оперативните сознанија, осомничениот бил инволвиран во активности поврзани со недозволена трговија на наркотична дрога, односно истиот вршел улична продажба на наркотични и синтетички дроги на подрачје на град Скопје, но и во други градови во Северна Македонија. Во предлогот наведен е телефонскиот број што го користел како средство преку кое договарал место, време и начин на купопродажба на дрогата. Воедно, од МВР имале сознанија дека осомничениот набавувал наркотична дрога од НН лице, истата ја носел во својот дом или на друга локација каде ја пакувал во помали пакувања наменети за улична продажба.

Во овој случај, ПИМ по член 252 ст. 1 т. 3 од ЗКП е определена спрема едно лице со познат идентитет, во траење од два месеци. Наредбите се обезбедени истовремено и притоа секоја од нив е определена за период од два месеци, без продолжување.

Основот за определување на мерките се гледа пред сè од фактот дека осомничениот е веќе регистриран како сторител на кривично дело по чл. 215 од КЗ при што целта била да се обезбедат докази кои се неопходни за успешно водење на кривичната постапка, а кои на друг начин не можеле да се обезбедат или пак нивното обезбедување било сврзано со големи потешкотии. Воедно, мерките биле потребни за да се обезбедат материјални докази кои ќе ја потврдат неговата инволвираност и поврзаност со ваквите активности, при што ќе се откријат и неговите контакти со други НН лица во вршењето на кривичното дело. Притоа јавниот обвинител ги образложил индивидуалните особености на случајот, како и околноста дека осомничениот секојдневно врши продажба на наркотична дрога и дека се вклучени и други лица како сторители на кривичното дело чиј идентитет не бил познат во таа фаза од постапката, а особено дека местото на извршување на кривичното дело е релативно затворена средина, со висок степен на конспиративност.

Врз основа на ова образложение, судијата на претходна постапка издал наредба за спроведување на мерките при што претходно прибавените податоци од страна на МВР претставувале§ основа за определување на мерките, а воедно судијата ја земал предвид и потребата да се обезбедат докази за времето, местото и начинот на извршување на кривичното дело.

*Пропорционалност*

Јавниот обвинител во конкретниот предмет го ценел соодносот помеѓу тежината на кривичното дело и инвазивноста на конкретните ПИМ при што оценил дека предлогот на правосудната полиција целосно е основан, земајќи ги предвид сите околности на случајот што упатуваат на трговија со наркотици. Поради фактот дека биле вклучени и други лица во извршување на кривичното дело, чиј идентитет не бил познат во таа фаза од постапката, а особено релативно затворената средина како место на извршување на кривичното дело со висок степен на конспиративност, јавниот обвинител до судија на претходна постапка доставил две барања за определување на ПИМ од член 252 ст. 1 т. 1 од ЗКП, за едно лице со познат и две лица со непознат идентитет, како и едно барање за ПИМ од т. 3 за едно лице со познат идентитет.

Засновано на предлогот на правосудната полиција, барањето за определување на ПИМ било поткрепено со податоци и информации, а потребата од нивна примена била соодветно и јасно образложена, поради што судијата на претходна постапка издал наредби за бараните мерки.

*Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Во конкретниот случај правосудната полиција постојано го известувала јавниот обвинител за сознанијата кои ги добивале, па така и дека осомничениот остварувал бројни телефонски контакти и средби со НН лица поврзани со извршување на слични или исти активности. Биле идентификувани и голем број корисници на броевите со кои осомничениот контактирал. Дел од лицата на кои им бил утврден идентитетот биле повикани на службен разговор.

Целокупната документација за спроведените ПИМ, јавниот обвинител ја доставувал до судија на претходна постапка, со цел увид во доказниот материјал.

*Од спроведената ПИМ од т. 1, во корелација со ПИМ од т. 3, во конкретниот случај биле обезбедени доволно докази за сторено кривично дело по чл. 215 ст. 2 вв ст. 1 вв чл. 45 од КЗ против едно лице со познат идентитет кое во постапката признало вина при што било осудено на казна затвор во траење од 6 месеци. Воедно, согласно чл. 215 ст. 7 од КЗ, наркотичните дроги марихуана и кокаин биле одземени.*

*Незадоволни од ваквата пресуда, жалби изјавиле и обвинетиот и ОЈО Скопје, па Апелациониот суд Скопје со Пресуда КЖ-717/22 од 6.9.2022 година, жалбата на обвинетиот ја одбил како неоснована, додека жалбата на ОЈО Скопје делумно ја уважил. Првостепената пресуда е преиначена заради правилна примена на материјалното право во делот на одземање на предмети, така што од обвинетиот бил одземен и предметниот мобилен телефон кој го користел при извршување на кривичното дело. Во останатиот дел првостепената пресуда била потврдена.*

*Во текот на постапката против сега осудениот била определена мерка - притвор.*

# Предмет број 5

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1, т. 3 и т. 8

Кривични дела: **Примање поткуп**

| К бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| 412/19 | Примање поткуп (чл. 357 ст. 4 вв ст. 1) - за едно лице<br><br>Примање поткуп (чл. 357 ст. 4 вв ст. 1 вв чл. 24) од КЗ -за две лица | 3 | / | / | - 30 дена за едно лице<br><br>- 18 дена за две лица |

**Краток опис на предметот:**

Во временскиот период од октомври до ноември 2019 година, прво осомничениот како службено лице - даночен инспектор вработен во Управата за јавни приходи при Министерството за финансии - Регионална дирекција Скопје, индиректно од оштетената, вработена во правно лице и задолжена за финансиското и деловното работење на истото, како подарок побарал парични средства од поголема вредност (износ од 5.000,00 евра). Поткупот бил побаран преку второ и трето осомничените, сопственици на сметководствено биро кое врши сметководствени услуги за правниот субјект на оштетената, а каде воедно работи и второ осомничената како сметководител. Првоосомничениот лично ги примил паричните средства, а за возврат требало да не изврши службено дејствие што морал да го изврши - дополнителни и детални контроли на даночниот субјект - предметното правно лице.

Станувало збор за пресметка на плаќање на даночната обврска која се состои од ДДВ, во постапка за надворешна даночна контрола поведена со налог за контрола преку УЈП за период од 2014 до 2018 година, како и дополнителни контроли по однос на пресметката и плаќањето на останатите фискални обврски за оданочен промет во деловните години.

Второ и третоосомничените со умисла му помогнале на првоосомничениот давајќи му совети и упатства и посредувајќи во комуникацијата помеѓу него и оштетената. Притоа, ги користеле службените и приватните контакти со првоосомничениот и оштетената, како и увидот кој го имале во деловното и сметководственото работење на правниот субјект.

Во таа насока, тие ги пренесувале инструкциите и информациите од првоосомничениот во форма на барање за поткуп изразено со зборовите „веќе е време да се игра со отворени карти" со настојување примопредавањето на парите да се забрза, за да нема последици во работењето на правното лице. Оштетената требала да ги следи нивните инструкции, услови и начин на предавањето на парите бидејќи првоосомничениот не сакал парите да ги прими лично (непосредно). На остварена средба во службените простории на сметководственото биро, на повик на второ и третоосомничените, непосредно била договорена лична средба помеѓу првоосомничениот и оштетената во угостителски објект на подрачје на Скопје, каде од оштетената примил пари во износ од 5.000,00 евра во банкноти кои биле криминалистичко-технички обработени и ставени во плик.

**Клучни зборови:**

*побарал парични средства, примил парични средства, поткуп, посредува, подарок, службено дејствие*

## Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ

### *Супсидијарност*

Во првичниот писмен предлог од правосудната полиција до јавниот обвинител, за примена на посебни истражни мерки, наведени се сите околности на кои посочила оштетената, односно дека од страна на службено лице од УЈП индиректно преку посредувачи, вработени во сметководственото биро кое давало услуги на нејзиното правно лице ѝ биле побарани парични средства со цел да не се врши контрола во истото.

Оштетената точно ги наведува местото, времето и начинот на кој средствата ѝ се побарани, како и лицата инволвирани во настанот. Предлогот од правосудната полиција се однесувал на ПИМ - Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации од чл. 252 ст. 1 т. 6 од ЗКП, меѓутоа видно од текот на постапката, јавниот обвинител по извршени консултации и во соработка со полицијата оценил дека потребните информации може да се обезбедат само со мерката од чл. 252 ст. 1 т. 3 од ЗКП.

На основ на наведените околности и доставеното барање од страна на јавниот обвинител, судија на претходна постапка определил мерка - Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен. Мерката била насочена кон обезбедување докази дека постои комуникација помеѓу тројцата осомничени.

Судијата ја определил бараната мерка првично спрема првоосомничениот, по што истата била проширена и на второ и третоосомничениот. Истовремено со судската наредба, обезбедена е Наредба од ОЈО Скопје за примена и на ПИМ - Симулирано давање и примање поткуп по член 252 ст. 1 т. 8 од ЗКП која била определена спрема едно лице во траење од еден месец, како и спрема две лица во траење од 18 дена.

Супсидијарноста како принцип, во овој случај е почитувана преку издавање Наредба за определување на ПИМ од т. 8 која вообичаено се применува во вакви случаи на сомневање за примање поткуп. Јавниот обвинител сепак сметал дека паралелно со таа мерка треба да се примени и мерката од т. 3 која според неговата проценка би била клучна за обезбедување на докази за релацијата помеѓу прво, второ и третоосомничените, како и за начинот на кој тие остваруваат средби, се договараат и ги определуваат условите за да ги земат парите.

*Пропорционалност*

Врз основа на анализа и оценка на претходно добиените сознанија, јавниот обвинител соодветно и пропорционално на тежината на кривичното дело побарал примена на ПИМ од која очекувал дека ќе се добијат податоци и докази за непосредна комуникација на осомничените лица кои биле неопходни за водење на кривичната постапка.

Проценката на судијата на претходна постапка, видно и од фактот што издал дополнителна наредба за проширување на мерката од т. 3 на уште две лица, е дека оваа мерка е сразмерна на кривичното дело за кое лицата биле осомничени. Имено, од применетите ПИМ обезбедени се докази за постојани контакти на првоосомничениот со второ и третоосомничените, за времето на извршувањето на кривичното дело, што всушност ја докажува и нивната инволвираност преку помагање во извршување на истото.

Од друга страна, од комбинацијата на оваа ПИМ со ПИМ од т. 8, обезбедени се клучните докази за сторување на пријавеното кривично дело од страна на првоосомничениот.

Оправданоста на изрекување на мерките спрема сите три лица се гледа во тоа што првоосомничениот одбивал да ги прими парите лично, туку само со посредство на второ и третоосомничените, така што не можело со сигурност да се знае кој всушност ќе ги прими обработените банкноти.

Во конкретниот случај МВР поднело барање за определување на ПИМ - увид во остварени телефонски и други електронски комуникации од чл. 252 ст. 1 т. 6 од ЗКП. Јавниот обвинител во соработка со полицијата и по извршени консултации, оценил дека потребните информации може да се обезбедат со мерката од т. 3. Предложената мерка од т. 6 вклучува и пребарување по податоци на лица кои не се директно засегнати во настанот, а јавниот обвинител извршил детална анализа врз основа на која проценил дека истиот резултат ќе се оствари со примената на т. 3, бидејќи целта била да се обезбедат докази и податоци за инволвираност на второ и третоосомничениот.

Сите податоци со кои располага јавниот обвинител, се пренесуваат на судијата на претходна постапка, така што во овој случај судијата направил проценка, видно и од фактот што издал дополнителна наредба за проширување на мерката на уште две лица, согласувајќи се со фактот дека во овој случај оваа мерка е најмалку инвазивна. Јавниот обвинител поднел ново известување со барање за т. 3, воедно наоѓајќи оправданост и во паралелното издавање наредби за определување на ПИМ - Симулирано давање и примање поткуп од т. 8 спрема сите три лица.

Заклучокот е дека ваквата применета мерка е во сооднос со тежината на кривичното дело, бидејќи се работи за три лица, кои контактите ги остварувале лично, во тесен круг, користејќи службени и приватни контакти, особено што секој на свој начин ја искористувал својата службена положба да се влијае врз оштетената. Доколку не би била применета оваа мерка, ќе требало да се определи друга која би била многу повеќе инвазивна не само за инволвираните лица, туку и за оние кои се дел од нивниот приватен живот, што би довело до повреда на основните граѓански слободи и права.

### *Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Јавниот обвинител, континуирано, бил писмено известуван за спроведувањето на мерките, како и телефонски информиран за секое преземено дејствие и за планирањето на секој нареден чекор во спроведувањето на ПИМ од т. 3 и т. 8. Од спроведената мерка од т. 3 составени се извештаи за секој ден одделно, кои на 6 (шест) дена се доставувани во ОЈО Скопје.

Во прилог на истите се доставени и ДВД-цедеа со фотодокументација и видеозаписи.

По приемот на целосната документација во ОЈО Скопје, истата е доставена до судија на претходна постапка, со цел увид во доказниот материјал.

*Врз основа на обезбедените докази и спроведената кривична постапка, надлежниот суд ги огласил за виновни тогаш обвинетите и тоа првообвинетиот за кривично дело - Примање поткуп од чл. 357 ст. 4 вв ст. 1 од КЗ и второ и третообвинетиот за помагање при извршување на кривично дело - Примање поткуп од чл. 357 ст. 4 вв ст. 1 вв чл. 24 од КЗ. Притоа, првообвинетиот го осудил на казна затвор во траење од 4 години, додека на второ и третообвинетиот им изрекол алтернативна мерка - условна осуда со која им била утврдена казна затвор во траење од по две години и истовремено било определено дека вака утврдената казна затвор нема да биде извршена доколку истите за време од пет години од правосилноста на пресудата не сторат ново кривично дело. Воедно, согласно чл. 38-б ст. 1 од КЗ, на второобвинетата ѝ била изречена и казна - Забрана за вршење професија, дејност или должност, во траење од една година.*

*Во текот на постапката на првоосудениот му била определена мерка - притвор која подоцна била заменета со мерка - куќен притвор.*

## Предмет број 6

Применета ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 6

Кривични дела: **Злосторничко здружување**
**Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем**
**Криумчарење**
**Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори**

| РО бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| 43/17 | Злосторничко здружување (чл. 394 од КЗ);<br><br>Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем (чл. 251 од КЗ)<br><br>Криумчарење (чл. 278 од КЗ)<br><br>Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори (чл. 215 од КЗ) | 3 | / | 49 телефонски броеви | т .6 - 1 месец |

### Краток опис на предметот:

Во април 2017 година врз основа на Замолница за меѓународна правна помош на Врховно касационо обвинителство на Република Бугарија, во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е оформен предмет во предистражна постапка. Предметот се однесува на кривичните дела инкриминирани во македонскиот Кривичен законик како Злосторничко здружување по член 394; Оштетување и неовластено

навлегување во компјутерски систем по член 251; Криумчарење по член 278; и Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори по член 215.

Со Замолницата, бугарското обвинителство известува дека организирана криминална група со разработена шема за користење на изграден софтверски производ - „вирус“ врши упад во компјутерскиот систем на Агенцијата „Царини“. По успешно инсталирање, програмата се активира и овозможува оддалечен пристап до заразениот компјутер на Агенцијата и следење на движење на акцизна стока во реално време од надворешен компјутер. Со ова е овозможено стоката да се ослободува од царина, акциза и други законски давачки.

Со извршено техничко вештачење, констатирани се повеќе случаи на неовластен пристап во бугарскиот компјутерскиот морски систем што се однесуваат на непостоечки транзит на камиони со што се нанесени сериозни финансиски штети. Тамошната постапка утврдила конекција и разработени малициозни софтвери и за слични системи на други царински агенции во други држави меѓу кои и во Република Македонија.

По спроведената предистражна постапка и преземени низа дејствија, предметот со службена белешка е затворен со образложение дека е постапено по Замолницата на бугарското обвинителство и со предавањето на целокупната документација нема место за понатамошно јавнообвинителско постапување.

**Клучни зборови:**

*замолница, меѓународна правна помош, злосторничко здружување, навлегување во компјутерски систем, малициозен софтвер, царина*

**Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ**

*Супсидијарност*

По одржани работни состаноци и разменети информации и податоци помеѓу двете обвинителства, утврдено е постоење основи на сомневање дека станува збор за криминална група составена од македонски и бугарски државјани со точно неутврден број и идентитет кои координирано преземаат инкриминирани дејствија на териториите на двете држави.

Министерствата за внатрешни работи на двете држави веќе оствариле меѓусебни контакти, а биле преземени и определени дејствија од страна на ОЈО Скопје[2], по што следи Замолницата од страна на Република Бугарија.

Во функција на кривичната постапка, склучен е Договор помеѓу Врховното касационо обвинителство на Република Бугарија и Јавното обвинителство на Република Македонија за формирање на заеднички истражен тим согласно одредбите од член 20 од Вториот дополнителен протокол од 2001 година на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривична материја од 1959 година, како заедничка одредба и пропис на двете држави. Врз основа на првично добиените информации меѓу кои и за телефонски броеви што ги користат членовите на криминалната група, како и броевите со кои контактираат, предметниот обвинител од ОЈОГОКК[3] утврдил дека за потребите на постапката, а заради добивање релевантни податоци и прибирање докази, согласно член 39 ст. 2 т. 4 и член 287 од ЗКП потребно е да се поднесат барања до мобилните оператори за доставување податоци во комуникацискиот сообраќај за 49 телефонски броеви за период од една година.

Со цел законито постапување, оформен е предмет ДОВ во кој заради прибирање и обезбедување правно релевантни податоци и докази за утврдување на постоење основано сомневање за извршување на кривичното дело и идентитетот на евентуални други соучесници, по барање на јавниот обвинител се обезбедени потребните податоци од мобилните оператори.

Од податоците произлегла потреба за обезбедување дополнителни релевантни податоци, и тоа: идентификација на сопствениците на посочените телефонски броеви, остварените меѓусебни комуникации по критериуми - вкупен број на контакти меѓу броевите (повикувачки и повикани), датум и тип на остварени контакти, број на контакти посебно за секој телефонски број со кој од наведените други броеви се остварувал контакт и датуми на остварени контакти, а воедно и потребата да се направат и збирни анализи по групи на телефони. Бидејќи наведените податоци биле неопходни за успешно водење на понатамошната кривична постапка, предметниот обвинител ја утврдил потребата од спроведување на ПИМ Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации.

[2] - Веднаш по оформување на предметот, на барање на предметниот обвинител од ОЈОГОКК двата предмети од ОЈО Скопје што биле оформени со известувањ а од МВР во 2016 и 2017 година биле предадени на надлежно постапување на ОЈОГОКК. Царинската управа на РМ - Сектор за контрола и истраги, во повеќе наврати го известувала Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при БЈБ по претходно добиено Барање од Одделението за ЕВРОПОЛ, Сектор за меѓународна полициска соработка при МВР за констатирана злоупотреба на нивниот електронски систем за меѓународна транзитна контрола и евиденција на пратки.

[3] - Поради сомнение за сторено кривично дело Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем член 251 ст. 4 и кривично дело Злосторничко здружување член 394, Царинската управа доставила пријава за која МВР веднаш го известило предметниот јавен обвинител на ОЈОГОКК при што со Известувањето ги проследило и претходно добиените дописи на Царинската управа доставени до МВР од 2016 и 2017 година заедно со форензички извештај, фотодокументација и одземените електронски уреди.

На одлуката за определување на мерката, освен Замолницата од Република Бугарија, ѝ претходи и Известување од БЈБ - Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика во кое се укажува дека врз основа на Пријава од Царинска управа преземени се истражни мерки и активности. Царинската управа постапувајќи по добиено Барање од Одделението за Европол, Сектор за меѓународна соработка при МВР, констатирала злоупотреба во нивниот електронски систем за меѓународна транзитна контрола и евиденција на пратки.

Заради утврдување на можни сторители на кривично дело и нивната поврзаност, извршени се дополнителни оперативни проверки за идентитет на лица инволвирани во криминалната група. Сите преземени дејствија укажуваат на примена на принципот на супсидијарност, односно примена на други т.н. конвенционални или помалку инвазивни методи пред да се пристапи кон примена на ПИМ. Увидот во остварени телефонски и други електронски комуникации бил потребен заради обезбедување на дополнителните податоци и докази кои не можат да се обезбедат на друг начин бидејќи тие се содржани само во исписите (листинзите) од мобилните оператори, што и обвинителот го наведува како факт во наредбата за определување на оваа мерка.

Од друга страна, оваа ПИМ е сепак помалку инванзивна споредено со некои други повеќе инвазивни мерки, иако во овој случај се работи за увид во поголема бројка на телефонски броеви. Имено, обвинителот донел наредба за спроведување на ПИМ од т. 6 спрема вкупно 49 телефонски броеви од кои 46 македонски броеви и по еден германски, австриски и бугарски телефонски број. Наредбата се однесува за остварени комуникации за период од една година station наназад.

*Пропорционалност*

Во наредбата, јавниот обвинител ја земал предвид севкупната документација со која располагал и притоа се осврнал на фактот дека станува збор за постапка со меѓународен елемент, каде постојат основи на сомневање дека преку наведените телефонски броеви се преземени дејствија на извршување на кривични дела Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем од член 251 став 4 и став 6, Криумчарење од член 278 став 3 и став 5 и Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 3, сите од Кривичниот законик.

## *Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Со оглед дека ПИМ од т. 6 определува јавниот обвинител, во конкретниот предмет контролната функција на обвинителот е остварена со доставување на два посебни извештаи за спроведување на мерката, како и изготвени листинзи за остварена телефонска комуникација и чартови за телефонската комуникација изработени од страна на МВР. Од друга страна, освен погоре споменатото известување од БЈБ - Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика, јавниот обвинител имал на располагање соодветна документација за предистражни дејствија преземени уште пред определување на ПИМ и тоа: форензички извештај од Одделението за дигитална форензика и фотодокументација, како и дописи од Царинската управа - Сектор за контрола и истраги.

Во контекст на примената на мерките во овој предмет корисно е да се напомене дека освен ПИМ од т. 6, јавниот обвинител врз основа на член 39 став 2 и член 181 став 2 вв член 184 и член 198 од ЗКП до судија на претходна постапка доставил барање за издавање на Наредба за пребарување на компјутерски систем и компјутерски податоци до кои имале пристап лица за кои постојат основи на сомневање дека се инволвирани во сторување на кривичните дела.[4] Барањето е со цел пронаоѓање на докази и податоци важни за кривичната постапка бидејќи во дотогаш прибавените известувања и докази се содржани факти што укажуваат на веројатноста дека во овие компјутерски системи постојат податоци од битно значење за откривање на кривичните дела и нивните сторители. Воедно, имајќи ги предвид потребите на Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика, јавниот обвинител го прифатил предлогот на МВР и до судија на претходна постапка доставил барање за издавање наредба за претрес кај две физички лица и едно правно лице, со цел да се пронајдат предмети што потекнуваат од извршување на кривично дело.

4 - Судијата на претходна постапка го прифатил барањето на ЈО и донел наредба за преземање на дејствија за истражување - пребарување на компјутерски систем и компјутерски податоци содржани во 9 мобилни телефони, 8 СИМ-картички , 6 УСБ-мемории, 1 ај-под, 2 таблети, 2 лап-топ компјутери и еден персонален компјутер што ги користеле 3 лица.

# *Предмет број 7*

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 8

Кривични дела: **Примање поткуп**

| К бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| 215/18 | Примање поткуп (чл. 357 ст. 2 од КЗ) | 1 | / | / | 1 ден |

**Краток опис на предметот:**

Осомничениот во својство на службено лице - директор на ЈЗУ Клиника за неврохирургија Скопје, директно побарал од оштетениот - татко на малолетен пациент, подарок за себе и тоа парични средства во износ од 1.000,00 евра, за да изврши службено дејствие што морал да го изврши, а во рамките на своето службено овластување. Тој претходно ги побарал паричните средства за да изготви и издаде медицинска белешка на оштетениот со која се потврдува дека неговото дете (малолетниот пациент) е веќе медицински лекувано од негова страна во текот на 2006 година.

Критичниот ден од страна на оштетениот во просториите на ЈЗУ Клиниката за неврохирургија му бил предаден договорениот подарок во банкноти кои претходно биле криминалистичко-технички обработени. По прием на парите, осомничениот го упатил сведокот - специјализант на клиниката, да ја изготви медицинската белешка, која на оштетениот му била потребна за понатамошно лекување на малолетниот пациент во Сојузна Република Германија.

**Клучни зборови:**
*побарал подарок, примил подарок, корист за себе, службено дејствие.*

## Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ

*Супсидијарност*

Во конкретниот случај постапката е поведена по дадена изјава на оштетениот, кој сам го пријавил настанот во полициска станица, поради што од страна на МВР доставено е писмено известување до Основното јавно обвинителство Скопје. Во известувањето биле наведени сите потребни податоци од кои произлегло основано сомневање дека осомничениот презел дејствија за извршување. Од страна на правосудната полиција оштетениот дополнително бил испитан во однос на времето, местото и начинот на преземените дејствија од страна на осомничениот.

Во својот исказ оштетениот недвосмислено и прецизно навел на кој начин од страна на осомничениот му бил побаран подарок. Од самиот исказ јасно произлегла причинско-последичната врска помеѓу директното барање на службеното лице и потребата на оштетениот за издавање на предметната медицинска документација, како и последицата дека доколку не ги даде парите нема да му биде издаден документот и нема да може да го продолжи лекувањето на своето дете.

Овие податоци биле доволни за јавниот обвинител да оцени дека ПИМ од член 252 ст. 1 т. 8, е единствениот начин да се прибават релевантни докази за водење на кривичната постапка. Од прибавените податоци, обвинителот утврдил дека се опфатени сите елементи на пријавеното кривично дело, поради што издал наредба за ПИМ Симулирано давање и примање поткуп бидејќи симулацијата со означени банкноти била неопходна за докажување на кривичното дело - Примање поткуп од чл. 357 ст. 2 од Кривичниот законик.

*Пропорционалност*

Врз основа на применото писмено известување од правосудната полиција, направена е проценка од која јавниот обвинител утврдил дека во конкретниот случај ПИМ од т. 8 е најсоодветна и е во соодност со тежината и природата на предметното кривично дело, но и со начинот на кој истото се извршува.

Имено, станува збор за кривично дело што се извршува со строга конспиративност помеѓу осомничениот и оштетениот. Со евентуалното определување на друга мерка во ваков случај непотребно би се инволвирале и други лица и би се направил упад во личните права, како на осомничениот, така и на други лица од неговото приватно или деловно опкружување.

### *Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Со оглед дека ПИМ е спроведена во период од еден ден, контролата се одвивала така што во текот на нејзиното определување, спроведување и реализација имало постојана телефонска комуникација помеѓу полициските службеници и јавниот обвинител. Воедно известен е и судија на претходна постапка заради обезбедување Наредба за претрес на дом и други простории при што составени се записници за извршен претрес и обезбедена е предметната медицинска документација која ја издал осомничениот.

Со потврда за привремено одземени предмети од осомничениот одземени се обележаните банкноти, што укажува на тоа дека биле обезбедени податоците и доказите неопходни за успешно водење на кривичната постапка и дека ваквата мерка ја постигнала целта поради која и била определена.

*Од спроведената ПИМ - Симулирано давање и примање поткуп биле обезбедени доволно докази врз основа на кои Основниот суд Скопје I Скопје со пресуда К. бр.215/18 од 27.02.2018 година го огласил за виновен тогаш обвинетиот, за кривично дело - Примање поткуп од чл. 357 ст. 2 од КЗ и му изрекол алтернативна мерка - условна осуда со која му била утврдена казна затвор во траење од една година при што било определено дека вака утврдената казна затвор нема да биде извршена доколку истиот за време од две години од правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело. Воедно согласно чл. 38-б вв чл. 362-б од КЗ, на обвинетиот му била изречена и казна - Забрана за вршење на должност - да биде избиран, односно именуван за директор на здравствена установа, во траење од две години.*

*Во текот на постапката против осомничениот била определена мерка - притвор која подоцна била заменета со мерка - гаранција.*

# Предмет број 8

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1, т. 3 и т. 9

Кривични дела: **Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори**

| КОК бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| ПП 534/15 | Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори (чл. 215 ст. 3 вв ст.1 од КЗ) | 2 | / | 40 кутии | Т.1 - 2 месеци за 2 лица<br>Т.3 - 2 месеци за 2 лица и 40 кутии<br>Т.9 - 2 месеци |

## Краток опис на предметот:

Во февруари 2022 година, двајца македонски државјани и НН лица од Кралство Холандија и Кина со цел неовластено производство и продажба на психотропни супстанции - таблети екстази, неовластено организирале набавка и транспорт на 40 пакувања хемиска материја во вкупна тежина од 1.105 килограми.[5] Станува збор за прекурсори од прва категорија на Националната листа наменети исклучиво за неовластено производство на синтетичка дрога амфетамин и метамфетамин.

Лицата регистрирале правен субјект на кој едното лице бил сопственик и управител, додека седиштето на правниот субјект било на адресата на живеење на другото лице. Со цел неовластено да купат прекурсори тие контактирале со НН, лице од Кина кое ги купило прекурсорите и ги спакувало во кутии, а за да ја прикрие вистинската содржина на забранетата хемикалија вметнало декларација дека во кутиите се пренесува хемиска супстанца во прав која легално може да се увезува и извезува.

5 - Според лабораториските резултати добиени од примерок од пратката, станува збор за супстанца - прекурсор „1 Phenyl - 2 Propanone“ што според член 3 од Законот за прекурзори спаѓа во прва категорија согласно ратификуваните меѓународни договори и меѓународните нормативи и стандарди, истата е на листата за прекурсори објавена од Министерството за здравство на која се наоѓаат сите недозволени хемиски материи што се надвор од легитимниот промет. Оваа хемиска материја позната уште и како Phenylacetone и Benzyl Methyl Ketone BMK (P2P) претставува прв прекурсор за добивање на амфетамински тип на стимуланс и се користи за илегално изработување на амфетамин, метамфетамин и МДМА - таблети екстази. Според првични проценки, со запленетата количина на прекурсорот би се произвел амфетамин во вредност од над 50 милиони евра.

Пратката според декларираните документи требало да транзитира преку аеродромите Истанбул - Белград - Скопје од каде потоа со реекспорт требало да се препрати на правно лице во Кралство Холандија. Таму во НН лабораторија требало неовластено да се преработи во таблети - екстази, а потоа неовластено да се понудат на нелегалниот пазар на наркотични средства.

Во февруари 2022 година на Меѓународниот аеродром во Скопје пристигнала карго пратка со 40 картонски кутии за која бил известен сопственикот и управителот на правното лице на кое била адресирана пратката. Тој го известил второосомничениот кој отишол во службените простории на ТАВ, но со оглед дека пратката доцнела 10 дена се посомневал дека можеби е откриена и заминал кон Скопје. Во меѓувреме телефонски се консултирал дали да ја подигне пратката и да ја реекспортира. Набргу тој бил лишен од слобода, а потоа било лишено од слобода и другото осомничено лице.

Како резултат на истражната постапка предметот е правосилно завршен при што првоосомничениот е осуден на казна затвор од три години врз основа на предлог спогодба, додека за второосомничениот е поднесен обвинителен акт и по спроведена судска постапка, судот го огласил за виновен и го осудил на казна затвор од три години.

**Клучни зборови:**

*неовластено производство, психотропни супстанции, недозволени хемиски материи, амфетамин, криминална група*

**Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ**

*Супсидијарност*

Во предлогот на правосудната полиција е наведено дека Единицата за недозволена трговија со дрога располага со сознание добиено преку Секторот за меѓународна полициска соработка, а испратено од турскиот царински офицер за врска во СЕЛЕК. Имено, турската царинска служба на аеродромот во Истанбул на транзит-линијата Шангај - Истанбул - Белград - Скопје при редовна контрола и проверка на пратка открила дека наспроти наведената декларација на супстанца од пратката чиј промет е легален, пратката содржи и супстанци што се користат за амфетамин и метамфетамин кои претставуваат синтетички дроги и нивниот промет не е дозволен.

Пратката била спакувана во 40 пакувања кои тежеле 1.105 килограми и кои од аеродромот во Истанбул треба да се доставaт до Меѓународниот аеродром во Скопје каде како примач е наведено конкретно правно лице. Во известувањето на правосудната полиција е содржано и писмено барање на јавен обвинител на Република Турција за заедничко спроведување на контролирана испорака како ПИМ со полициски службеници од Република Северна Македонија која ќе се изврши со директна авионска линија од Меѓународниот аеродром Истанбул до Меѓународниот аеродром Скопје. Имајќи ги предвид податоците и доказите врз основа на кои се засноваат основите на сомневање и образложението на правосудната полиција за причините поради кои податоците или доказите не можат да се соберат на друг начин, јавниот обвинител го прифатил предлогот на правосудната полиција и издал наредба за спроведување на посебна истражна мерка - Контролирана испорака и превоз на лица и предмети. Притоа во наредбата навел дека ПИМ ќе се спроведе на територија на Република Турција и Република Северна Македонија, а временски спроведувањето го ограничил на два месеци.

Во образложението на наредбата, јавниот обвинител истакнал дека постојат основи на сомневање дека двете лица поврзани со правното лице на кое била адресирана пратката се дел од меѓународна организирана криминална група која организира транспорт на поголеми количини на прекурсори за производство на психотропни супстанци амфетамин и метамфетамин од Кина за Република Северна Македонија. Наредбата се однесува на 40 картонски кутии кои требало да се испорачаат со еден лет со директна линија Истанбул - Скопје, со точно утврден датум и број на лет. Во исто време се идентификувани и единицата која треба да ја спроведе оваа мерка, како и обемот и местото на спроведување на мерката - Република Турција и Република Северна Македонија.

Освен ПИМ од т. 9, во овој предмет се применети и ПИМ од т. 1 и т. 3. Во предлогот правосудната полиција наведува дека врз основа на претходно извршените проверки евидентирале две лица од кои едното е управител, а второто е сопственик на објектот каде е пријавено седиштето на правното лице примател на пратката. Како поткрепа на предлогот правосудната полиција го информира јавниот обвинител дека се направени низа проверки како во однос на правното лице и неговите активности, така и во однос на физичките лица. Бидејќи постоеле основи на сомнение дека лицата се дел од организирана криминална група која организира транспорт на поголема количина прекурсори и дека се подготвуваат за извршување на кривично дело, предложените мерки биле неопходни за непречено водење на постапката.

Така, судијата на претходна постапка донел Наредба за спроведување на ПИМ од т. 3 за двете лица и 40 кутии, додека за двете лица е определена и мерка од т. 1.

*Пропорционалност*

При донесување на наредбата за спроведување на ПИМ, јавниот обвинител ја имал предвид тежината на кривичното дело, организираноста на групата, како и фактот дека лицата планираат производство на синтетички дроги чија суштинска намена е надвор од легалниот промет, со што истите се подготвуваат за извршување на кривичното дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 од КЗ.

*Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Во судската наредба е наредено претставниците што ја примениле посебната истражна мерка по спроведувањето да доставаат извештај во кој ќе бидат содржани податоците согласно член 258 ст. 3 од ЗКП со посебен акцент на описот за текот и резултатите од примената на мерката, како и целокупната документација сочинета при нејзиното спроведување.

# Предмет број 9

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 1, т. 3 и т. 8

Кривични дела: **Злосторничко здружување**
**Фалсификување на исправа**
**Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија**

| КОК бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| ПП 417/21<br><br>ПП 459/21 | Злосторничко здружување (чл.394 од КЗ);<br><br>Фалсификување на исправа (чл. 378 од КЗ)<br><br>Непостапување според здравствени прописи за време на епидемија (чл. 206 од КЗ) | 2 | / | 9ПМВ | т. 1 - 1 месец, продолжен за уште 2 месеци<br><br>т. 3 - 1 месец, продолжен за уште 2 месеци<br><br>т. 8 - 1 месец, продолжен за уште 2 месеци |

## Краток опис на предметот:

Предметот е оформен како резултат на известување на Секторот за економски криминал и корупција при МВР за располагање со оперативни сознанија според кои лице изготвува фалсификувани ПЦР тестови и потврди - сертификати за примени вакцини на заинтересирани лица кои не биле вакцинирани или не сакале да се вакцинираат. Потврдите и сертификатите ги приложувале на излез или влез од државата или таму каде што било потребно.

Првоосомничениот дејствијата ги реализирал заедно со второосомничениот, неговиот татко, кој бил посредник помеѓу заинтересираните и првоосомничениот и за услугата (изработен фалсификуван ПЦР тест или потврда) наплатувал од 700,00 до 1200,00 денари. Овие сознанија делумно биле потврдени и од Известување на Секторот за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи каде се водела активна истрага за овие две лица за други кривични дела.

При извршување на кривичните дела лицата имале и свои посредници кои обезбедувале ПЦР тестови и сертификати за лица кои тогаш биле позитивни на вирусот ковид-19 или имале потреба од сертификат за патување во странство. Во Известувањето е наведено уште едно лице - координатор на Вакциналниот пункт во Јавна здравствена установа (ЈЗУ), како и други НН лица - лекари и медицински сестри вработени во ЈЗУ кои внесувале лица во системот за евиденција за примена вакцина, иако тие не биле ниту пријавени за вакцинација. Медицинскиот персонал за оваа услуга противправно барал и примал награда.

Како резултат на оперативните сознанија постоеле основи на сомневање дека пријавените лица вршат кривично дело Фалсификување на исправа; Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија; Примање поткуп; Злоупотреба на службена положба и овластување; Примање награда за противзаконито влијание; и Оштетување и навлегување во компјутерски систем.

**Клучни зборови:**

*навлегување во компјутерски систем, фалсификување на исправа, вакцинација, ковид-19, Јавна здравствена установа*

**Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ**

*Супсидијарност*

По Известувањето од страна на правосудната полиција е доставен Предлог за поднесување на барање за примена на посебни истражни мерки, и тоа: ПИМ од т. 1 спрема два телефонски броја, како и ПИМ од т. 3 и ПИМ од т. 8 спрема лицата сопственици на телефонските броеви и спрема девет патнички моторни возила.

Во предлогот за определување на ПИМ Одделот за криминалистичка полиција наведува дека располага со сознанија според кои се сомнева дека се подготвува извршување на кривичните дела наведени во првичниот Извештај поради што правосудната полиција укажува на потребата за примена на соодветните ПИМ со чија примена би се обезбедиле податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка што не можат да се обезбедат на друг начин или нивното обезбедување би било со поголеми тешкотии. Предложен е период од два месеци за времетраење на мерките.

Јавниот обвинител имајќи ги предвид наводите од известувањето и предлогот, дал објаснување за пријавените кривични дела и за тоа дека од фактичката состојба наведена во истите произлегува дека лицата преземале дејствија на вршење и на кривично дело - Злосторничко здружување, заради што укажал дека известувањето и предлогот е потребно да се дополнат и со ова кривично дело.

Освен тоа, обвинителот укажал дека кривичните дела Примање поткуп, Злоупотреба на службена положба и овластување и Примање награда за противзаконито влијание, не треба да бидат наведени во предлозите за ПИМ бидејќи од утврдената фактичка состојба не произлегува дека незаконските дејствија ги преземале службени лица, ниту е направена штета на буџетот на државата, јавните фондови или другите средства на државата. Врз основа на ова, побарано е да се извршат корекции и да бидат наведени само кривичните дела Злосторничко здружување, Фалсификување на исправа и Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија.
По извршената корекција, јавниот обвинител донел наредба која се темели на околностите наведени во предлогот при што утврдува дека во конкретниот случај станува збор за кривични дела за кои неопходните податоци и докази битни за водење на кривичната постапка не може да се обезбедат на друг начин имајќи го притоа предвид видот и карактерот на наведените кривични дела. Воедно, паралелно со донесувањето на наредбата, до Основниот кривичен суд Скопје доставил барање за донесување Наредба за определување на ПИМ од т.1 и т.3.

Наредбите на судијата на претходна постапка и на јавниот обвинител се издадени за спроведување на ПИМ во период од еден месец. По истекот на периодот за спроведување, од страна на правосудната полиција е доставен предлог за продолжување на мерките со прилог известување во кое се наведува дека ПИМ од т. 3 определена со претходната наредба не била применета поради недостиг на технички услови за нејзино спроведување, заради што и не може да се поднесе извештај за истата. Предлогот е со идентична содржина како и првиот и со барање за продолжување на ПИМ спрема лицата со времетраење од уште два месеци бидејќи, правосудната полиција располагала со сознанија дека лицата продолжуваат со активностите.

Врз основа на овој предлог, јавниот обвинител донел наредба со која го продолжил спроведувањето на ПИМ од т. 8 спрема лицата и спрема предметите за два месеци. Судијата на претходна постапка го прифатил барањето на јавниот обвинител и ги продолжил ПИМ од т. 1 и ПИМ од т. 3 која опфаќа следење и снимање на две лица и девет предмети поврзани со

извршување на кривично дело, нивно движење, сретнување и пренесување на лица и предмети, со помош на технички средства надвор од дом или деловен простор означен како приватен.

### *Пропорционалност*

Предметниот јавен обвинител што ја донел наредбата за спроведување на ПИМ ја утврдил сериозноста на извршените кривични дела и фактот дека лицата за кои е донесена наредбата се вмешани во активности со цел извршување на кривични дела заедно со други НН лица за што сметал дека заради успешно водење на кривичната постапка издадената наредба е оправдана и истата е пропорционална на тежината на тие дела.

Како резултат на тоа, обвинителот ја донел првичната наредба, а потоа откако е известен дека правосудната полиција немала техничка можност да започне со примена на оваа ПИМ донел наредба за продолжување на мерката со цел да се обезбедат доказите.

Јавниот обвинител извршил соодветна проценка на соодносот помеѓу тежината на кривичното дело и инвазивноста на конкретната ПИМ која се бара што се согледува и од фактот што за кривичното дело Оштетување и навлегување во компјутерски систем сметал дека докази може да се прибават на друг начин согласно одредбите од ЗКП.

### *Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Со првата наредба за примена на ПИМ, мерката не била спроведена во утврдениот временски период поради недостиг на технички услови. Од овие причини по истекот на рокот за спроведување, до јавниот обвинител е доставено известување од правосудната полиција во кое е наведено дека со предлогот за поднесување на барање за продолжување на ПИМ нема да биде доставен извештај за спроведување на ПИМ од т. 3 и т. 8 бидејќи истите не се спроведени поради немање на технички услови. На крајот и од продолжениот период за спроведување на мерките, правосудната полиција писмено го известува јавниот обвинител дека поради недостиг на технички услови за спроведување ПИМ од т. 3 и т. 8 не е спроведена и во овој период, без притоа да се наведе за кои технички услови станува збор.

Подоцна правосудната полиција доставува извештај во кој наведува дека биле добиени и потврдени сознанија и биле извршени контроли, при што е утврдено дека и други лица се занимавале со инкриминираните активности, како и дека во овие активности се инволвирани и приватни лаборатории

преку кои претходно се договарале лажирани негативни тестови.

По темелна анализа на наводите е утврдено дека нема елементи на законско битие кои укажуваат на кривичното дело - Злосторничко здружување, односно од ниту еден доказ не произлегло дека лицата заеднички, организирано и во група преземале дејствија по однапред смислен план, со однапред утврдени улоги, како група од најмалку три лица. Ниту еден доказ не упатувал на соработка и заедничко дејствување со цел извршување на кривично дело кој како елемент е неопходно да биде исполнет за да има злосторничко здружување.

Воедно, согласно Кривичниот законик, злосторничкото здружување треба да има за цел вршење на кривични дела за кои е пропишана казна затвор од три или повеќе години, а во случајов за кривичното дело Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија, предвидена е казна затвор до 1 година.

Во врска со кривичното дело Фалсификување исправа и Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија, јавниот обвинител наведува дека доколку од анализата на ПИМ произлезе дека се исполнети елементите за постоење на овие кривични дела, предметот со сите списи ќе биде доставен до надлежното обвинителство. Предметот во ова обвинителство е затворен со Резолуција.

# *Предмет број 10*

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 3, т. 6 и т. 8.

Кривични дела: **Примање награда за противзаконито влијание**

| КОК бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| ПП 277/20 | Примање на поткуп (чл. 357 од КЗ)<br><br>Примање награда за против-законито влијание (чл. 359 ст. 7 вв ст. 3 вв ст. 2 вв чл. 22 од КЗ) | 1 | / | / | Т. 3- 1 месец<br><br>Т. 6 -10 дена<br><br>Т. 8 - 1 месец |

**Краток опис на предметот:**

Предметот е оформен по кривична пријава од правосудна полиција во која е наведено дека полициски службеник во повеќе наврати побарал парични средства од сопственик и управител на правно лице за да влијае кај високи полициски функционери со цел да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши, односно противправно да се запрат сите постапки што се воделе во МВР против оштетениот и неговото правно лице. Полицискиот службеник побарал и примил парични средства во износ од 2.000 евра. Со овие дејствија сторил кривично дело Примање награда за противзаконито влијание.

Полицискиот службеник откако ги примил паричните средства бил лишен од слобода при што му биле пронајдени обработените банкноти во износ од 2.000 евра. Паричните средства му се одземени со потврда за привремено одземени предмети.

По спроведена истражна постапка, јавниот обвинител склучил спогодба со обвинетиот кој го признал делото Примање награда за противзаконито влијание. Врз основа на предлог - спогодбата помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот, судија на претходна постапка му изрекол казна затвор во траење од 6 месеци.

**Клучни зборови:**

*примање награда за противзаконито влијание, полициски службеник*

## Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ

### *Супсидијарност*

Во предлогот на правосудната полиција за примена на ПИМ, детално се образложени сите настани при што од исказот на оштетениот е утврдено дека полицискиот службеник побарал средба со оштетениот на која му кажал дека против него има предмет за оружје и дрога и дека е во голем проблем, а тој наводно е дојден за да му помогне. Во разговорот, осомничениот споменал дека разговарал со високи функционери од МВР кои го испратиле да се сретне со оштетениот со цел извештајот против него да се заврши како неоснован.

На следната средба, пријавениот рекол дека успеал да ја заврши работата покажувајќи документ - фотокопија со лични податоци, матичен број и податоци од фирма на оштетениот. При тоа, рекол дека ќе му го даде документот откако ќе ги почестат лицата што ја завршиле работата, напоменувајќи дека првично требало да ги почести со 6.000 евра, но дека тој наводно ги замолил да бидат помалку, односно 2.000 евра. Оштетениот побарал парите да ги даде за неколку дена, по што полицискиот службеник му рекол дека во следните две-три години нема да има проблем со МВР. Примената на ПИМ од т. 3 и т. 8 во вакви случаи е единствениот начин за обезбедување на материјални докази за сторено кривично дело што не можат да се обезбедат на друг начин. Правосудната полиција побарала спроведување на овие ПИМ во времетраење од еден месец. Јавниот обвинител утврдувајќи ја потребата од обезбедување докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка наредил спроведување на ПИМ од т. 8 која подразбира симулирано (привидно) давање поткуп со парични средства, криминалистичко-технички обработени, за кои е изготвена фотодокументација и кои треба со записник да му бидат предадени на лицето кое го симулира поткупот.

Воедно, јавниот обвинител доставил и барање до судијата на претходна постапка за определување на ПИМ од т. 3 наведувајќи дека се работи за кривични дела што се извршуваат со строга конспиративност, при што се остваруваат меѓусебни комуникации и средби во кои е потребно да се докаже инволвираност и поврзаност на осомничениот.

Од тие причини било потребно во постапка согласно закон осомничениот да се следи и на тој начин да се обезбедат докази кои на друг начин не можат да се соберат и да придонесат за успешно понатамошно водење на постапката. Обемот и динамиката на примената на мерките согласно наредбата ќе зависи од настаните што ќе се случуваат, а нејзината примена ќе ја спроведе правосудната полиција под контрола на јавен обвинител и со користење на парични средства сопственост на МВР.

Во меѓувреме јавниот обвинител постапувајќи во предметот и прибавувајќи правно релевантни податоци и докази, обезбедил податоци од мобилните оператори за еден телефонски број. Притоа произлегла потреба од обезбедување на дополнителни релевантни податоци за што обвинителот донел наредба за спроведување на ПИМ од т. 6. Во конкретниот случај согласно наредбата оваа ПИМ опфаќала посебна анализа на телефонскиот број по критериуми за носители на сопственост на бројот, остварени меѓусебни комуникации според критериуми што опфаќаат: вкупен број на контакти меѓу телефонскиот број и други броеви за определен период за кој се дадени податоци за повикувачки и повикани броеви, датуми на остварени контакти за телефонскиот број и со кој број остварил контакт како повикувач, а со кој како повикан.

*Пропорционалност*

Јавниот обвинител направил проценка за сериозноста на кривичното дело и предлогот што правосудната полиција го дала и притоа утврдил дека примената на ПИМ од т. 8 е неопходна за обезбедување на соодветни и цврсти докази во конкретниот предмет.

Покрај оваа мерка, јавниот обвинител утврдил потреба и од примена на ПИМ од т. 3 имајќи ја предвид строгата конспиративност при меѓусебните комуникации и средби на осомничениот од една страна и потребата од докажување на неговата инволвираност и поврзаност, од друга страна. Судија на претходна постапка го прифатил барањето за примена и на ПИМ од т. 3 со времетраење од еден месец.

Во текот на постапката со цел прибавување на дополнителни докази и откривање на комуникациите на осомничениот со други лица, како и евентуална инволвираност и на други лица во случајот, јавниот обвинител наредил и примена на ПИМ од т. 6.

### *Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Уште во самите наредби е утврдено дека ПИМ ќе се спроведуваат под контрола на јавниот обвинител. Во таа насока јавниот обвинител во текот на нивното спроведување бил известуван од страна на правосудната полиција за сите преземени активности. Воедно, правосудната полиција согласно наредбата за спроведената мерка подготвила целокупна документација за текот на спроведувањето, врз основа на која е поднесена кривичната пријава.

# Предмет број 11

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 3 и т. 9

Кривични дела: **Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори**

| КОК бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| ПП 534/15 | Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори (чл. 215 од КЗ); | 1 | / | 1 ТМВ | т. 3 - 4 месеци<br>т. 9 - 4 месеци |

**Краток опис на предметот:**

Предметот е резултат на Замолница за меѓународна правна помош на јавен обвинител од Хаген, Сојузна Република Германија каде се спроведува истрага против организирана криминална група, лоцирана во регионот на Кавказ. Според сознанијата од тамошната истрага се работи за група која подготвува транспорт на опојна дрога хероин на релација Иран – Сојузна Република Германија.

Во тамошната истрага се опфатени три лица, а според сознанијата опојната дрога би можела да се транспортира од страна на доверливо лице на едно од осомничените лица кое поседува турска патна исправа. Возачот управува товарно моторно возило (ТМВ) со грузиски регистарски ознаки, регистрирано на грузиско правно лице.

Во Замолницата е наведено дека во тој момент ТМВ се наоѓа во Иран каде се претпоставува дека хероинот ќе биде спакуван во возилото со количина од приближно 3 килограми. Од припадниците на криминалната група е планирано ова ТМВ по непозната траса да ја транспортира дрогата до Германија, од каде понатаму ќе биде распределена на европскиот пазар.

Според сознанијата од истрагата во Германија произлегло дека планирањето и координирањето на транспортот на дрогата ќе го организираат лица кои се под истрага во Германија.

**Клучни зборови:**

*меѓународна правна помош, хероин, транспорт, товарно моторно возило*

## Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ

*Супсидијарност*

Во предлогот на правосудната полиција е наведено дека преку Секторот за меѓународна полициска соработка - ИНТЕРПОЛ примена е Замолница за меѓународна правна помош во врска со контролирана испорака на опојна дрога. Наведен е опис и образложение на постапката што ја води јавен обвинител од Хаген, за тоа како и против кои лица истата се води и кои се неговите потреби во однос на обезбедување на докази.

Со цел да се обезбедат докази за припадниците на меѓународната криминална група која организира транспорт на хероин на релација Иран - Република Турција - Југоисточна Европа - Грузија - Источна Европа до Германија како крајна дестинација, германскиот обвинител барал одобрување за спроведување на ПИМ - Контролирана испорака на наркотична дрога на територијата на Република Македонија, со цел пратката која ќе биде сместена во товарното возило да биде опсервирана и контролирана со технички средства доколку транзитира низ територијата на државата. Крајната цел на оваа контролирана испорака би било дрогата да биде придружувана и контролирана до нејзината крајна дестинација во Германија со што би се обезбедиле материјални докази за запленување на дрогата, како и докази за други инволвирани лица. Во предлогот е наведено дека вакви барања за меѓународна правна помош се упатени и до турски и грузиски надлежни служби каде што веќе се преземаат соодветни истражни дејствија.

Во наредбата за определување на ПИМ, јавниот обвинител истакнал дека во конкретниот случај, врз основа на добиените податоци станува збор за кривично дело што се извршува со строга конспиративност помеѓу инволвирани лица во меѓународно организирана криминална група. Воедно, имајќи го предвид видот и карактерот на кривичното дело, неопходно било спроведување на ПИМ Контролирана испорака и превоз на лица и предмети. Освен оваа мерка, определена е и примена на ПИМ од т. 3 - Тајно следење

и снимање на лица и предмети со техничка опрема надвор од домот или деловен простор означен како приватен со цел ТМВ да биде опсервирано и контролирано со помош на примена на технички средства доколку транзитира низ Македонија. Крајната цел на контролираната испорака е дрогата да биде придружувана и контролирана до крајното одредиште во Германија. На тој начин би се обезбедиле материјални докази за запленување на опојната дрога, како и други докази за други евентуално инволвирани лица во транспортот на хероинот.

*Пропорционалност*

Јавниот обвинител наоѓа дека постои основано сомнение за функционирање на организирана меѓународна криминална група која го извршува конкретното кривично дело што само по себе зборува за сериозноста и за транснационалниот карактер на криминалот во конкретниот случај. Од тие причини, а со цел обезбедување докази за успешно водење на понатамошна постапка, обвинителот го прифаќа предлогот и издава наредба за определување на ПИМ од т. 8 спрема лицето и спрема предметот и воедно доставува барање до судија на претходна постапка за определување на ПИМ од т. 3.

Со оглед на тоа дека не се знае каде и кога ќе биде извршен транзитот, јавниот обвинител определил и побарал мерките да траат за период од четири месеци, што судијата на претходна постапка го прифатил и издал наредба за ПИМ од т. 3 во траење од 4 месеци за посоченото лице и за ТМВ.

*Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Во овој предмет нема евиденција дека воопшто мерките се спроведени, што упатува на заклучокот дека осомничениот и ТМВ користеле друга траса за пренос на опојната дрога.

# Предмет број 12

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 2, т. 3 и т. 8

Кривични дела: **Примање поткуп**

| КОК бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| 116/19 | Примање поткуп (чл. 357 од КЗ) | 1 | / | / | т. 2 - 2 месеци<br>т. 3 - 2 месеци<br>т. 8 - 2 месеци |

**Краток опис на предметот:**

Предметот е оформен врз основа на записник за прием на кривична пријава против главен инспектор во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР под сомнение дека сторил кривично дело Примање поткуп.

Имено, пријавителката во два наврати доставила поднесоци за непрофесионално однесување на полициски службеници при што главниот инспектор што ги водел случаите при средбите со неа, со гестикулација побарал пари ветувајќи дека ќе ги среди предметите за кои има поднесено претставки. Притоа ѝ предочил план кога и како ќе може да ја заврши неговата работа и да донесе решение кога неговиот претпоставен ќе биде на службен пат и ќе нема можност истото да го промени, потенцирајќи и дека ќе се видат за она за кое таа знае, а на прашањето колку пари треба да му даде и рекол дека остава на неа.

**Клучни зборови:**

*внатрешна контрола, полициски службеник, поткуп*

## Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ

*Супсидијарност*

Во предлогот на правосудната полиција за примена на ПИМ, детално се образложени сите настани што би следувале и кои пријавителката ги навела и образложила. Притоа, било утврдено од страна на правосудната полиција дека е неопходно спроведување на ПИМ - Симулирано давање и примање поткуп, поради сомнение дека пријавениот го извршил и го извршува кривичното дело Примање поткуп.

Правосудната полиција побарала спроведување на мерката во времетраење од два месеци. Јавниот обвинител утврдувајќи ја сериозноста на кривичното дело и потребата од обезбедување на докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, наредил спроведување на ПИМ од т. 8 која подразбира привидно (симулирано) давање поткуп. Обемот и динамиката на примената на мерките согласно наредбата ќе зависи од настаните што ќе се случуваат, а нивната примена ќе ја спроведе правосудната полиција под контрола на јавен обвинител и со користење на парични средства сопственост на МВР.

Супсидијарноста во изрекувањето на оваа мерка во конкретниот случај е запазена со фактот дека оваа ПИМ е единствениот начин да се обезбедат докази за поткуп и фактички секое друго истражно дејствие или евентуално друга ПИМ не би ги обезбедила податоците и доказите кои се неопходни за успешно водење на кривичната постапка.

Овие ПИМ, а особено следењето и снимањето во деловен простор од т. 2, вообичаено се комбинира со ПИМ Симулирано давање и примање поткуп кога станува збор за кривични дела поврзани со поткуп. Целта е да се следат контактите на осомничениот со лицата кои треба да симулираат давање на поткуп и евентуално да се сними самиот чин на примање на претходно означените банкноти. На овој начин се обезбедува доказ за извршување на инкриминираното дејствие кој е неопходен во вакви случаи заради успешно водење на кривичната постапка кој притоа не може соодветно да се обезбеди со примена на други мерки, односно со други помалку инвазивни мерки.

*Пропорционалност*

Ценејќи ја сериозноста на кривичното дело и предлогот што правосудната полиција го дала, јавниот обвинител во конкретниот случај сепак сметал дека примената на ПИМ од т. 8 е недоволна за обезбедување на соодветни

и цврсти докази во конкретниот предмет. Затоа, покрај оваа мерка, поднел барање до судија на претходна постапка за определување на ПИМ од т. 2 и т. 3 со времетраење од два месеци.

*Контрола над спроведувањето на ПИМ*

По завршувањето на времетраењето на ПИМ, до јавниот обвинител е доставен посебен извештај врз основа на кој може да се утврди дека ПИМ од т. 2 и т. 3 биле применети само во еден наврат и дека при нивното применување јавниот обвинител бил запознаен истиот ден. Воедно, севкупниот доказен материјал, обезбеден со нивна примена заедно со документацијата прибавена од пријавителката биле доставени до јавниот обвинител.

Примената на мерките била завршена до рокот наведен во наредбите и притоа МВР пред истекување на рокот го известила јавниот обвинител од кого биле добиени насоки дека не треба да се поднесува предлог за продолжување на мерките од причина што дотогашната нивна примена не дала резултати, како и поради фактот што престанала комуникацијата меѓу осомничениот и пријавителката. Од друга страна, ПИМ од т. 8 не била спроведена бидејќи во периодот за примена на мерката немало примање на парични средства од страна на осомничениот, ниту давање од страна на пријавителката.

Инаку, во посебниот извештај е наведено дека извршувањето и спроведувањето на наведените ПИМ кон осомничениот биле под контрола и надзор на надлежниот јавен обвинител.

# *Предмет број 13*

Применети ПИМ од член 252 став 1 од ЗКП: т. 3, т. 6, т. 7 и т. 10

Кривични дела: **Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори**

| КОК бр. | За кривично дело | За лица со познат идентитет | За лица со непознат идентитет | За предмети | Времетраење на ПИМ |
|---|---|---|---|---|---|
| 19/17 | Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори (чл. 215 став 1 од КЗ) | 2 | / | / | т. 3 - 17 дена<br>т. 7 - 4 месеци<br>т. 10 - 4 месеци |

**Краток опис на предметот:**

Заради неовластена продажба на наркотична дрога - марихуана на илегалниот наркопазар во Република Турција, осомничените организирале купување, пренесување преку државна граница (помеѓу Република Косово и Република Македонија), внесување на дрогата на територија на Република Македонија и држење на наркотичната дрога. Второосомничениот и третоосомничениот дрогата ја купиле во Република Албанија, по што ја пренеле до местото на живеење на првоосомничениот кој потоа ја чувал во својот дом лоциран во Скопје. Со намера да ја пренесат во Истанбул каде крајниот купец требало да ја пушти во продажба, организирале транспорт преку друго лице (заштитен сведок) кому му ветиле награда - камион шлепер, како и 2.000 евра за патните трошоци до крајната дестинација, од кои 1.000 евра му биле дадени во Скопје, а остатокот требало да се даде на крајната дестинација. На наплатната рампа Петровец, полициски службеници ги сопреле и во возилото ја пронашле наркотичната дрога.

Во предметот биле осомничени четири лица при што едно лице (четвртоосомничениот) ја признало вината и склучило спогодба со обвинителот.

Посебни истражни мерки се применети само во однос на прво и второосомничениот.

**Клучни зборови:**

*Наркопазар, Косово, Турција, меѓународна организирана криминална група, наркотична дрога-марихуана, транспорт на дрога*

**Примена на меѓународни стандарди за спроведување на ПИМ**

*Супсидијарност*

Во предистражната постапка по овој предмет биле преземени повеќе дејствија и сослушани повеќе лица во својство на сведоци, врз основа на кои потврдени биле претходните сознанија за организирана група која работи по принцип на шифра/шема и презема одредени активности помеѓу себе со кои остварува обележје на кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. Меѓутоа, од прибавените информации врз основа на сите претходно преземени предистражни дејствија произлегло дека не би можело прецизно да се утврди преземањето на секое конкретно дејствие од одредено лице, што би било клучно за постоење на основано сомневање дека тие се сторители на горенаведеното кривично дело. Освен тоа, потребно било да се откријат и останатите непознати лица кои несомнено биле вмешани во случајот, но и да се дознае начинот на кој дрогата за која постоеле сознанија дека е купена ќе се транспортира понатаму. Од овие причини, правосудната полиција поднела предлог до јавниот обвинител за примена на ПИМ од член 252 ст. 2 т. 3 од ЗКП (Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен).

Во доставениот предлог се наведени оперативни сознанија за лица државјани на Република Косово и Република Турција, кои се дел од меѓународна организирана криминална група, инволвирани во организирање транспорти на наркотична дрога марихуана од Република Албанија и Република Косово преку Република Македонија и потоа до Република Турција. Имено, според добиените информации, косовски и албански државјани во месец ноември 2016 година од Република Косово на непознат начин организирале транспорт на околу 100 килограми наркотична дрога марихуана во Република Македонија со цел да пронајдат лица кои ќе ја пренесат до Република Турција за одреден паричен надомест. До тој момент, Единицата

за недозволена трговија со дрога при МВР располагала со информации дека осомничените наркотичната дрога ја однеле во околината на Тетово на непозната локација и заедно со НН лица организирале транспорт на дрогата во Скопје и сместување на сигурно место.

Врз основа на предлогот од правосудната полиција, јавниот обвинител доставил барање до судија на претходна постапка кој со наредба определил ПИМ од т. 3 во однос на две лица со времетраење од 17 дена. Со примена на оваа ПИМ, обезбедени биле видеоматеријали и фотодокументација кои во понатамошната постапка биле од големо значење.

Во однос на ПИМ од член 252 ст. 1 т. 6 од ЗКП (Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации), јавниот обвинител по укажаната потреба издал наредба за примена на оваа ПИМ со цел да се обезбеди анализа со визуелни прикази која се однесува на критериум на остварена меѓусебна комуникација со странски броеви „пивот табели", чартови и заеднички контакти со останатите телефонски броеви кои се евидентирани во листинзите, а влегуваат во комуникација повеќе од десет пати, како и други анализи кои би биле корисни во понатамошната истрага.

ПИМ од чл. 252 ст. 1 т. 7 (Симулиран откуп на предмети) и ПИМ од чл. 252 ст. 1 т. 10 (Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци) издадени се со цел да се симулира откуп на наркотична дрога од страна на лице со прикриен идентитет (заштитен сведок) како мерки со кои ќе се добијат докази кои на друг начин не можат да се соберат. Имено, доказите за организираноста на групата не можеле да се обезбедат на друг начин од причина што групата применувала разработени модуси на извршување на кривичните дела на принцип на затворени групи при што тешкотиите се особено големи бидејќи постои заеднички интерес на двете страни.

По одобрување на мерките од т. 7 и т. 10, лицето со прикриен идентитет (заштитен сведок) во неколку наврати се среќавал со осомничените при што меѓусебно се договарале за поединостите во однос на преземањето на дејствијата. На претходно точно договорен датум и место, заштитениот сведок пристигнал со патничко моторно возило и се сретнал со второосомничениот, му го покажал возилото кое било паркирано на местото на средбата, заедно го погледнале, по што второосомничениот оценил дека багажниот простор е доволен да се натовари наркотичната дрога која заштитениот сведок требало да ја транспортира до Велес и понатаму со товарно моторно возило да ја пренесе во Република Турција.

### *Пропорционалност*

Карактеристиките на дејствување на организираната криминална група ги имале предвид и судијата на претходна постапка и јавниот обвинител кога ги изрекувале предметните ПИМ. Имено, правосудната полиција која ја иницирала примената на ПИМ имала конкретни сознанија дека станува збор за сериозно организирана криминална група која не може да биде откриена и за која не можат да се обезбедат докази преку редовните мерки и активности на органите на прогонот. Освен тоа, тежината на кривичното дело и начинот на извршување за што постоеле оперативни сознанија, укажува на неопходност од примена на ПИМ сразмерни на целта која требало да се постигне со примена на тие мерки. Од овие причини, судијата на претходна постапка го прифатил барањето на јавниот обвинител и со наредба ја определил ПИМ од т. 3, а со оглед на спецификите на случајот, јавниот обвинител со наредба определил примена и на ПИМ од т. 6, т. 7 и т. 10.

### *Контрола над спроведувањето на ПИМ*

Овластените лица од правосудната полиција кои ги спроведувале посебните истражни мерки континуирано го известувале јавниот обвинител, а по спроведување на мерките, доставени биле писмени извештаи неопходни за успешно водење на кривичната постапка.

Врз основа на спроведените ПИМ, на наплатната рампа Петровец каде полициските службеници ги сопреле осомничените, во возилото пронашле наркотична дрога спакувана во 11 црни патни торби - 5 големи и 6 мали во кои имало 210 пакувања од кои 200 во форма на коцка, а од останатите 10 пакувања - 6 биле во форма на цилиндер и 4 во овална форма. Сите пакувања биле исполнети со растителен материјал ставен во полиетиленска кеса, целосно излепена со селотејп лента со вкупна маса од 108.522 грама опојна дрога марихуана добиена со сушење, дробење или ситнење на врвови и лисја од растението Cannabis.

***Во текот на судењето изведени се голем број писмени, вербални и материјални докази, како и докази прибавени со ПИМ. Во судскиот процес биле сослушани повеќе сведоци предложени од обвинителството, како и заштитениот сведок. Сите сослушани сведоци во своите искази јасно и категорично ги потврдиле и ги објасниле обвиненијата.***

*Обвинетите се осудени на вкупно 24 години затворска казна. Врз основа на склучената спогодба со јавниот обвинител, четвртоосомничениот бил осуден на казна затвор од 4 години и два месеци, како и протерување од територијата на Република Македонија засекогаш.*

*Пресудата на Основниот кривичен суд Скопје била обжалена од страна на осудените, но Апелациониот суд Скопје ги одбил жалбите и ја потврдил пресудата. Осудените поднеле и барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда со предлог-барање пресудата да се укине и да се врати на повторно судење и одлучување. Врховниот суд го одбил барањето на осудените со што пресудата на Основниот кривичен суд останува во сила.*

# ЗАВРШЕН ОСВРТ

Секој поединечен случај прикажан во овој документ има свои особености и е специфичен во однос на другите селектирани случаи. Сепак, од направениот приказ, се издвојуваат неколку констатации за процесот на предлагање, барање, одобрување и спроведување на посебните истражни мерки. Имено, во прикажаните предмети беше идентификувано следното:

- Барањето за определување на ПИМ кое јавниот обвинител го доставува до судијата на претходна постапка во најголем број од случаите ги содржи истите податоци од предлогот за примена на ПИМ кој правосудната полиција го доставува до јавниот обвинител. Истото се однесува и на наредбата за определување на ПИМ која ја донесува судија на претходна постапка по примено барање од страна на јавен обвинител. Ова пресликување на истата содржина и повторување на идентични формулации оневозможува продлабочен увид на постапувањето одделно на секој од овие органи во смисла на придржување кон принципите на супсидијарност и пропорционалност согласно Методологијата според која е подготвен овој документ.

- Може да се забележи дека ПИМ од т. 8 најчесто се комбинира со ПИМ од т. 3, а во некои случаи и со ПИМ од т. 2. Станува збор за предмети во однос на кривични дела - Примање поткуп. Како што е наведено и во текстот на документот, може да се претпостави дека целта на ова комбинирање е да се следат контактите на осомничените со лицата кои треба да симулираат давање на поткуп, да се идентификуваат и други лица евентуално вклучени во некои од дејствијата, како и да се сними самиот чин на примање на претходно означени банкноти. Ова е единствениот сигурен начин за обезбедување релевантни и непобитни докази за извршување на дејствието симулирано давање на поткуп од една страна и реалното примање на поткуп како инкриминирано дејствие, од друга страна.

- Комбинации во примената на различни ПИМ се забележителни и во речиси сите други случаи. ПИМ од т. 1 која воедно наоѓа примена во најголем број од прикажаните случаи, редовно се комбинира со ПИМ од т. 3 и т. 6, а во некои случаи и со ПИМ од т. 8 или т. 9. Евидентно е дека комбинирањето е условено од природата на кривичното дело, бројот на потенцијални сторители и дека е адаптирано на потребите за конкретната истрага.

- Во прикажаните предмети има случај во кој јавниот обвинител, по извршена проценка за околностите на случајот, сепак поднел барање до судија на претходна постапка за ПИМ различна од таа

која била предложена од страна на правосудната полиција. Од друга страна, барем во прикажаните предмети, нема случај во кој судија на претходна постапка издал наредба за друга ПИМ од онаа што ја барал јавниот обвинител.

- Во најголем број од прикажаните случаи, применетите мерки несомнено ги дале очекуваните резултати. Со нив се обезбедени податоци и докази за успешно водење на кривичната постапка и во сите случаи што завршиле во судска постапка, била изречена соодветна санкција. Наспроти ова, сепак помеѓу прикажаните има и случаи во кои на крајот од периодот одобрен за примена на привремена истражна мерка, односно привремени истражни мерки, тие сепак не се спроведени. Во едниот случај, правосудната полиција известила дека поради недостиг на технички услови (без наведување за кои технички услови станува збор), предметната ПИМ не е спроведена ниту во продолжениот период за нејзина примена. Во другиот случај, во предметот нема евиденција дека одобрените мерки се спроведени, што упатува на заклучок дека осомничениот и товарното моторно возило спрема кои требало да се спроведе ПИМ, Контролирана испорака и превоз на лица и предмети, користеле друга траса на движење.

Завршниот осврт, како впрочем и целокупниот приказ на случаите, има за цел да ги апострофира идентификуваните специфики кои се одраз на практиката во примената на посебните истражни мерки при спроведувањето истраги за тешки кривични дела.

Иако овој документ не може да ги исцрпи сите поединечни релевантни прашања кои можат да произлезат и кои се присутни во примената на ПИМ, сепак тој несомнено претставува солидна основа која може соодветно да се надградува и збогатува со случаи од националната и меѓународната правосудна практика.